# MOVIE ON!

37 MANAKI BROTHERS
INTERNATIONAL CINEMATOGRAPHERS' FILM FESTIVAL



Државен архив на Македонија -
Подрачно одделение Битола.



The British Society of Cinematographers

This is to certify that

Milton & Yanaki Manaki

are

HONORARY MEMBERS

of the

British Society of Cinematographers

President Freddie Francis

Secretary Hamus K Russell

# ABOUT THE FESTIVAL



Добре дојдовте на 37. издание на Фестивалот Браќа Манаки, како што овој пат симболично го нарекувам „Независна/аполитична Република на македонските и светските филмофили”, за што ќе имам разбирање токму од нив, зашто нашиот фестивал ја слави седмата уметност. Од таквата непоколеблива позиција, фокусирани сме на кинематограферите и ја вреднуваме нивната значајна креативност .

На ова издание го потврдуваме тоа и сме горди што наши ѕвезди во Клубот на великаните се двајцата нови членови: Роби Милер и Џон Сил, лауреати на Златната Камера 300, за нивниот животен опус, а им се придржува и помладиот Федон Папамихаил кој ја добива Специјалната Камера 300. Нашиот четврти лауреат е неодоливиот светски прославен продуцент Сајмон Пери, творецот на „Пред дождот” како најдобар македонски филм на сите времиња и откривачот на талентот на Милчо Манчевски.
Суштината на секое наше издание, па така и на овогодишното, е богатата филмска програма, предводена од главната компетиција „Камера 300”, уште една достојна на светското реноме селекција од филмови чии визуелни креатори се наши гости, кинематографери кои се во трката за трите престижни награди, кои ќе ги доделува извонредно авторитетното жири.
За првпат годинава и како оптимистички почеток за идна соработка е партнерството со значајната европска институција МЕДИА/MEDIA, која ќе не поттикнува кон поголема афирмацијата на европскиот филм, но доследно остануваме и светски фестивал на кинематограферите и на филмовите креирани од нив од сиот свет.
Исто така, горди сме и што сме домаќини на конгресот на ИМАГО, како значаен собир на угледни гости кинематографери од светот.
Значи, имаме ново фестивалско издание достојно за респект и со кое го одржуваме престижот на првиот и најстар светски филмски фестивал посветен на креативноста на уметниците кинематографери.

**Благоја Куновски**
**Директор**

Welcome to the 37 edition of the Manaki Brothers Festival, which this time I will symbolically refer to as an "Independent/apolitical" Republic of Macedonian and International Film-lovers", in the hope of getting their understanding, since our festival celebrates the seventh art. From this unwavering position, we focus on the cinematographers and we celebrate their precious artistic contribution.

At this edition we reaffirm this fact, and we are proud to add our two new members to our Club of Greats: Robby Muller and John Seal, laureates of the Golden Camera 300 for their lifelong production, joined by Phedon Papamichael Jr who is the winner of the Special Camera 300. Our fourth laureate is the exceptional, world-acclaimed producer Simon Perry, the creator of Before the Rain - the best Macedonian film of all times, and the person who discovered Milcho Manchevski's talent.

The core of each of our editions, consequently of this year's edition too, is the versatile film program, headed by the Main Competition Camera 300, where we present another selection worthy of its worldwide reputation of films whose visual creators are our guests; cinematographers who are in the race for the three prestigious awards presented by the exceptionally authoritative jury.

For the first time this year, and as an optimistic basis for future collaboration, we work in partnership with the major European institution MEDIA, which has served as motivation for increased affirmation of European cinema, although we consistently remain an international cinematographers' festival devoted to films created by them across the entire world.

We are also proud to host IMAGO's Congress this year, as an important meeting of affirmed cinematographers from all over the world.

In conclusion, we have a new festival edition worthy of respect and which maintains the prestige of the first and oldest international film festival dedicated to the creativity and artistry of cinematographers.

**Blagoja Kunovski**
**Festival Director**



# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## Претседател

Почитувани вљубеници во филмот,

Пред 110 години браќата Јанаки и Милтон Манаки го снимија својот прв документарен филм, а пред 95 ја одржаа и првата проекција во своето Кино „Манаки“ со што Битола и Македонија се инаугурираа на светската филмска мапа.
Фестивалот кој го носи нивното име веќе 37-ми пат ја прославува филмската уметност вреднувајќи ги достигнувањата на директорите на фотографија. Со секое ново издание најстариот фестивал посветен на филмската камера во светот ја актуализира магијата на филмот и неговата моќ да влијае врз милиони луѓе, бришејќи ги границите меѓу уметностите, но и границите меѓу народите и културите. Годинава немаме еден, ниту двајца, ниту тројца туку четворица лауреати, врвни авторитети во светот на филмот, кои ќе добијат награда за својот досегашен придонес во светската кинематографија.
Стандардната програма е збогатена со „Перспективи на европскиот филм“. Убеден сум дека содржински збогатениот фестивал ќе го задржи интересот на филмофилите за време на сите фестивалски денови.
Преку фестивалот на филмската камера „Браќа Манаки“ Република Македонија продолжува со градењето мостови на културната соработка меѓу луѓето и народите. Во деновите на фестивалот филмските работници и филмофили од целиот свет можат да ја запознаат Битола и Република Македонија и да го почувствуваат традиционалното македонско гостопримство и да се уверат во нашата посветеност и љубов кон седмата уметност.
На сите учесници и посетители им посакувам да уживаат во магијата на подвижните слики.

**д-р Ѓорге Иванов**

## REPUBLIC OF MACEDONIA
## President

Dear film admirers,

110 years ago, the brothers Yanaki and Milton Manaki filmed their first documentary and 95 years ago they held the first film screening in their Manaki Cinema Theater, thus inaugurating Bitola on the international map of cinematography.
The festival bearing their name celebrates cinema art, by highlighting the achievements of the directors of photography. With every new edition, the oldest festival in the world dedicated to cinematographers, brings forth the magic of film and its ability to move millions of people, wiping out the boundaries between the arts and the borders between the nations and cultures. This year we have not one, not two or three, but as many as four laureates, superior authorities in the world of cinema who will be awarded for their contribution to world cinematography so far. The main program is enhanced with the European Cinema Perspectives. I am convinced that this festival enhancement will keep the film-lovers' interest high during all of the festival days.

Through the International Cinematographers Film Festival "Manaki Brothers", the Republic of Macedonia continues building bridges of cultural cooperation between people and nations. During the festival days, filmmakers and film-lovers from the entire world can get acquainted with Bitola and the Republic of Macedonia and feel the traditional Macedonian hospitality and witness our commitment and love for the seventh art.
I wish all participants and visitors a pleasant time with the magic of the motion pictures.

**Dr. Gjorge Ivanov**



Пред нас е уште едно ново издание на првиот и најстариот фестивал на филмската камера на Балканот, „Браќа Манаки”, кој веќе 37 години го потврдува меѓународното реноме на Република Македонија како земја со долга и автентична културна традиција, земја со богато творечко минато и иднина. Веќе 37 години ова филмско случување што со нетрпение го очекува македонската и европската јавност ги обединува кинематограферите од целиот свет, сите оние кои имаат моќ на креативно-естетски начин да го изразат духот на своето време и да покажат дека уметноста е вечна. Градот на браќата Милтон и Јанаки Манаки на светската филмска уметност и подари незаборавни остварувања, и во таа смисла, уверена сум дека и оваа 2016 година, Битола повторно ќе биде во фокусот на вниманието на европската филмска јавност како голем фестивалски град во кој секојдневно се случуваат безброј филмски проекции, настани и креативни средби. Во изминатите безмалку 4 децении фестивалот кој е еден од ретките во светот што ја вреднува естетиката на филмската камера во обликувањето на кинематографското дело, стекна многубројни и искрени пријатели од сите страни на светот кои верувам дека и годинава ќе уживаат во богатството од различните естетики на филмовите кои се дел од програмата и кои повторно ќе ја потенцираат важноста на филмската фотографија.

Почитувани,

Фестивалот „Браќа Манаки“ е вистинска приказна за големата љубов меѓу кинематограферите и камерата. Тој веќе со децении фактографски и естетски не потсетува на големиот фотографски и филмски опус од богатиот трезор на браќата Милтон и Јанаки Манаки, а воедно ги презентира и најновите дострели на актуелното филмско творештво. Годинешниот синеастички фундус од преку 100 врвни остварувања на европската, светската и домашната кинематографија поделени во 11 фестивалски програми, во наредните неколку денови пред битолската фестивалска публика ќе ја интерпретира уметничката повеќеслојност на филмскиот јазик и се разбира,

вештината на филмската камера. Покрај 30-те остварувања во категоријата „Перспективи на европскиот филм" и десетте светски наслови од документарниот сегмент на годинешниот фестивал, би сакала да ја истакнам и исклучителната важност на категоријата „Мак поинт" во која, на наше огромно задоволство ќе бидат прикажани шеснаесет филмски наслови во кои претежно доминира кратката форма на македонскиот филм. Фестивалот и оваа година ќе биде отворен и затворен со филмови од најновата македонска филмска продукција, со остварувањата „Ослободување на Скопје" и „Златна петорка".
Особено ме радува фактот што годинава кон плејадата еминентни и значајни имиња од светот на филмот, автори кои оставиле значаен влог во светското синеастичко наследство и кои се закитија со признанијата на фестивалот „Браќа Манаки" се приклучуваат и двајцата мошне плодни и значајни кинематографери, Роби Милер и Џон Сил кои низ објективот на својата филмска камера успеале да ја нагласат цикличната преобразба на филмската фотографија во рамките на современиот кинематографски дискурс, беспрекорно апострофирајќи го филмскиот миг во различните културолошки, технички и општествени сегменти. Тука се, се разбира, и помладиот Федон Папамихаел и искусниот Сајмон Пери, со кои се заокружува кругот на четворицата величенствени лауреати, на кои оваа година „Браќа Манаки" им оддава почит и највисокото место на пиедесталот на неговата богата кинематографска меморија.
Почитувани,
Интернационалната димензија на најновото издание на Фестивалот на филмската камера Браќа Манаки е потврда на универзалната вистина дека филмот претставува одраз на времето во кое е создаден. Уверена сум дека размената на креативната енергија со нашата публика, која докажа дека знае да распознава вистински вредности и искрено да го награди творецот на магијата наречена филм, е една од најголемите сатисфакции за сите домашни и странски автори кои ќе бидат дел од годинашното издание на фестивалот. Потсетувајќи се на зборовите на големиот Орсон Велс кој во една пригода забележал дека „Филмот никогаш нема да биде добар ако камерата не е окото на една поетска личност" сакам да ви посакам уште едно успешно издание на Фестивалот на филмската камера „Браќа Манаки", а на сите сегашни и идни генерации кинематографери ќе им порачам, да ја посетат Република Македонија и градот Битола, култното место од кое што започна филмската историја на Балканот.

**Д-р Елизабета Канческа-Милевска**
**Министер за култура на РМ**

Ahead of us is another new edition of the first and the oldest festival of film camera on the Balkans, "Manaki Brothers", which has, for almost 37 years, been confirming the international reputation of the Republic of Macedonia as a country with a long and authentic cultural tradition, a country with rich creative history and future. During these 37 years, Macedonian and European audiences have been looking forward to this film event. It unifies the cinematographers from all over the world, all those who have the power to express the spirit of their time in a creative and aesthetic way, and to show that art is eternal. The town of the brothers Milton and Yanaki Manaki has granted unforgettable achievements to the world film art. In this respect, I am convinced that this year as well, the town of Bitola will be in the focus of attention of the European film audience, as a great festival town where numerous film screenings, events and creative meetings are being held every day.
During the past, almost four decades, the festival ranks among the rare ones in the world which appreciate the aesthetics of film camera in the creation of cinematographic work. It has acquired numerous sincere friends from all over

the world and I believe that this year, as well, they would enjoy the abundance of various aesthetic aspects of films which are part of the program and which will, once again, highlight the importance of the film photography. Distinguished...,

The film festival “Manaki Brothers” is a real story of the strong bond and affection between the cinematographers and the camera. For several decades it reminds us of the great photographic and aesthetic opus of the rich treasure of the brothers Milton and Yanaki Manaki, and at the same time, presents the latest achievements of the current film creativity. This year’s filmmakers fund of more than 100 top achievements of the European, international and domestic cinematography, is separated into eleven festival programs. During the next couple of days, it will interpret the artistic multi-layered features of cinema language in front of the Bitola festival audience, and will show the skills of the film camera.

Apart from the thirty achievements in the category “European Film Perspectives” and the ten international documentaries which will be presented at this year’s festival, I would like to point out the exquisite importance of the category “Mak point” within which, to our great pleasure, sixteen film works will be presented, primarily the short form of Macedonian film. This year, the festival shall be opened and closed with films from the latest Macedonian film production - the achievements “Liberation of Skopje” and “The Golden Five”.

I am especially pleased with the fact that this year, the portfolio of eminent and significant names from the world of film industry – authors who have given significant contribution to the world filmmakers’ heritage and gained awards and recognitions at the “Manaki Brothers” festival, shall be enriched with two very productive and important cinematographers, Robby Müller and John Seale. Through the objective of their film cameras, they managed to highlight the cyclical transformation of the film photography within the contemporary cinematographic discourse, impeccably pointing out the cinematic aspect of various cultural, technical and societal segments. Certainly, this portfolio covers the skillful Phedon Papamichael Jr. and the experienced Simon Perry. All of them encompass the circle of the magnificent four laureates, to which this year, the festival “Manaki Brothers” gives respect and the highest place on the pedestal of its rich cinematographic memory.

Respectful...,

The international dimension of the newest edition of the Festival of film camera “Manaki Brothers” is a confirmation of the universal truth that the Film represents a reflection of the time it has been created in. I am sure that the sharing of creative energy with our audience, which had so far proven to be able to recognize true values and sincerely reward the creators of the magic called – film, is one of the greatest satisfactions for all domestic and foreign authors which will be part of this year’s festival edition. Remembering the words of the great Orson Welles, who had once noticed that “A film is never really good unless the camera is an eye in the head of a poet”, I would like, once again, to wish you a successful edition of the International Cinematographers’ Film Festival “Manaki Brothers”. I would like to convey my message to all present and future generations of cinematographers to visit the Republic of Macedonia and the town of Bitola, the cult place being the cradle of the film industry on the Balkans.

**Dr. Elizabeta Kanceska-Milevska**
**Minister of Culture of the Republic of Macedonia**

Оваа година бродот ИФФК „Браќа Манаки“ ќе плови по 37-ми пат. Со нов кормилар и нов екипаж. Но, како никогаш досега овој брод не пловел по толку немирно море. Никогаш досега бродот не се наоѓал пред потежок пат. Никогаш не го демнеле толку многу пирати. Никогаш немал толку тешка задача да ги нахрани со филмски специјалитети своите патници. Никогаш патниците не биле така гладни да ја вкусат магијата на филмот. Во време кога состојбата на духот на патниците е на ниво на изгладнување бродот има голема одговорност да подготви вкусно мени. Затоа оваа година храната на менито е подготвена само од најдобрите мајстори на фотографијата. Капетанот на бродот се враќа на основите на кујната, на вкусот на филмската камера. Верувам дека патниците со сласт ќе ги лижат прстите наслaдувајќи се со врвни кадри избрани од шефот на кујната. Силно верувам дека овој кормилар заедно со неговиот екипаж ќе ги задоволи вкусовите на патниците, ќе ги издржи сите предизвици и успешно ќе го вкотви бродот до 38-мото патување.
Да му дадеме сите заедно на овој брод силен ветер во едрата!

**Роберт Насков**
**претседател на ДФПМ**

This year the ship called ICFF "Manaki Brothers" will sail for the 37th time! With a new helmsman and a new crew. However, never before has this ship sailed on such tumultuous waters. Never before has this ship faced a rougher journey. Never before has it been under the siege of so many pirates. Never before has it had the difficult goal to feed its passengers with delicious cinema specialties. Never before have the passengers been so hungry to taste the magic of cinema. At a time when the state of mind of the passengers is close to starvation, the ship has the overwhelming responsibility to prepare a delicious menu. That is why this year the food on the menu has been prepared exclusively by the best masters of photography. The ship captain goes back to the basics of the cuisine, the real taste of cinematography. I do believe that the passengers will lick their fingers in delight, feasting on the sublime images selected by the chef. I strongly believe that this helmsman, together with his crew, will satisfy the passengers' tastes, will bravely withstand all the challenges and will successfully anchor the ship until its next, 38th journey.
Let us all together blow a strong gust of wind in the sails of this ship!

**Robert Naskov**
**President of MFPA**





Почитувани љубители на седмата уметност,

Нека филмските автори го исполнат просторот за натпревар, а филмовите, новинарите, публиката да ја слават уметноста и умешноста на наследниците на браќата Милтон и Јанаки Манаки, кои оставија неизбришливи траги како први сниматели на Балканот.

Сигурен сум дека ќе имате незаборавни доживувања од фестивалот, Битола и Македонија.
Уживајте во 37-то издание на фестивалот Браќа Манаки.

**Д-р Владимир Талески,**
**Градоначалник на Општина Битола**

Dear admirers of the seventh art,

Let cinema authors occupy the space for competition, let the films, journalists and audiences celebrate the art and mastery of the heirs of the brothers Milton and Yanaki Manaki, who left indelible traces as the first cinematographers on the Balkans.

I am certain that you will take unforgettable experiences from the festival, Bitola and Macedonia.
Enjoy the 37th edition of the Manaki Brothers Festival.

**Dr. Vladimir Taleski,**
**Mayor of the Municipality of Bitola**

# FESTIVAL AWARDS

# LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD





**ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА
ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО
ЗЛАТНА КАМЕРА 300
Е ХОЛАНДСКИОТ
КИНЕМАТОГРАФЕР:**

**РОБИ МИЛЕР
ROBBY MÜLLER, BVK/NSC**

# ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО „ЗЛАТНА КАМЕРА 300” НА 37 ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКА КАМЕРА БРАЌА МАНАКИ, 2016, Е ХОЛАНДСКИОТ КИНЕМАТОГРАФЕР: РОБИ МИЛЕР/ROBBY MULLER, BVK/NSC

Роби МИЛЕР/Robby/MULLER е роден на 4 април 1940 во Курасао/Curacao, Холандски Антили. Во 1954 се преселил од Индонезија во Холандија, каде што студирал од 1962-1964 на NFA/Nederlandse Film Academie/ХФА/Холандската Филмска Академија, во Амстердам, на одделот за камера и монтажа. По студиите, кратко останува во Холандија, а потоа заминува во Германија, каде што прво работел како асистент со германскиот кинематографер Герхард Ванденберг/Gerhard Vandenberg, а паралелно и како кинематографер на рекламни филмови. Во текот на 1960-те до под крајот, снима како кинематографер серија кратки филмови, за од крајот на 1960-те и во текот на 1970-те да ја започне својата најзначајна, прва етапа на соработка во тандем со водечкиот германски и светски режисер Вим Вендерс.

Поврзаноста на Роби МИЛЕР со фестивалот БРАЌА МАНАКИ, на 37 издание, 2016, ја има својата симболика во одбележувањето на 20 годишниот Јубилеј, кога за првпат, на 17-то издание во 1996, учествуваше во компетицијата со филмот СПРОТИ БРАНОВИТЕ/BREAKING THE WAVES (сликајќи ја во колор фотографија оваа извонредна психо-морална драма за трагичната љубов на една девојка, чие момче ќе доживее тешка повреда и ќе биде тотално инвалидизирано, немоќно за љубов и нормален живот), создавајќи го ова ремек дело во креативен тандем со режисерот Ларс Фон Триер, за што ја доби заслужената Бронзена Камера 300. Повторно пак заедно се појавија во 2000 во компетицијата на 21 фестивал БРАЌА МАНАКИ, со уште еден голем филм каков што беше ТАНЦУВАЧ ВО МРАКОТ/DANCER IN THE DARC (во колор фотографија и кинестетика, низ кои гради невообичаен пролетерски мјузикл, во ентериери со тешки машини и екстериери на платформите на теретни возови, со Бјорк и Денев и како танчерки, во оригинална драматуршко-визуелна атмосфера). Потоа поврзаноста природно се крена на повисоко ниво, кога во 2002, на 23 издание во Битола, Роби Милер заслужено стана Лауреат на „Специјалната награда Златна Камера 300 за особен придонес во светската филмска уметност” (кога во негова чест го прикажавме филмот МОЈОТ БРАТ ТОМ/MY BROTHER TOM, во режија на Англичанецот, Дом Ротеро/Dom Rotheroe), а воедно беше и претседател на интернационалното жири.

Со годинешната “НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЗЛАТНА КАМЕРА 300”, фестивалот БРАЌА МАНАКИ на најдобар можен начин ќе го прослави и круниса извонредниот креативен и уметнички опус на еден од најголемите и најценети светски кинематографери - РОБИ МИЛЕР.

Во оваа пригода, како детал ,од историјата и ретроспективното највраќање, неизбежно морам да




го приложам моментот на мојот фактички индиректен контакт со Роби Милер. Имено кога го избрав неговиот филм НАСПРОТИ БРАНОВИТЕ со подразбирливата покана упатена до него да ни' биде гостин во Битола, како кинематографер учесник во компетицијата, тој ми испрати искрено пријателско писмо пишувано со неговиот ракопис и потпишано од него, што го објавивме како факсимил во каталогот на 17 фестивал одржан во 1996. Во него, во горниот дел на страницата на писмото стои-од Роби Милер, за-Благоја Куновски. Во писмото стои следниов текст:

-

„Почитуван Г-дин Куновски

Ви благодарам на вашата покана. Јас сум навистина почестен. Причината што ви одговарам малку подоцна е поради работата и од тоа предизвиканото отсуствување. Мое извинување!-Многу жалам што не можам да ја прифатам вашата покана, поради другите обврски што веќе ги започнав пред да пристигне вашата покана. Затоа уште еднаш, Ви благодарам на вашата покана!-Ви посакувам вашиот фестивал да биде успешно и возбудливо искуство за моите колеги во Македонија!

Искрено ваш,

Роби Милер"



-Потоа, како взаемна желба за конечно директна средба во Битола, дојде по 6 години, во 2002 кога на 23-то издание беше во двојно својство: Лауреат на “Специјалната награда Златна Камера 300 за особен придонес во светската филмска уметност” и претседател на интернационалното жири.

Во јубилејното каталошко издание по повод 25 годишнината на фестивалот Браќа Манаки, во делот на 23 фестивал во 2002-та, ги имаме фотографиите: Роби Милер со другите членови на жирито и другата, на која тогашниот директор Томи Салковски, на сепецијалниот коктел му ја врачува и повелбата за наградата на Роби Милер, а јас во мојата колекција ја сочував како драг спомен неговата колор-портрет фотографија, на која Роби Милер со нему својствената насмевка и радост ја држи во рацете гордо, Специјалната Златна Камера 300.

- Што се однесува до опусот на Роби Милер, во него има над 80 (со кратките од стартот на кариерата и потоа повеќето целовечерни играни филмови, како и 15-на  ТВ-фимови), ќе ги имаше уште многу да не го спречеше тешката невролошка болест, која му е интензивирана од 2010-та, за што ме информира неговата прекрасна сопруга Андреа Милер. Тие првпат се среќаваат во 1990,  во брак се  од 1993, а таа потоа почесто ќе го придружува во неговите нови снимања. Како историчар на уметност, голем познавач и на неговите Поларoид/Polaroid фотографии, таа го пишува и воведниот коментар во 2-те објавени книги за Polaroid фотографиите на Роби, под насловите: Exterior и Interior.
Поради vis-major причина, Роби Милер не може да е лично присутен  во Битола на 10-ти Септември, на  церемонијата на негово прогласување за Лауреат на 37-то издание на Браќа Манаки, но, како прв дел од славењето на големината на уметникот, јас и уметничката директорка Гена Теодосиевска, на покана  од престижниот културен центар/музеј на видео-филмската уметност,“EYE” во Амстердам,  каде во текот на летото, јуни, јули и август , беше поставена-( како мрежа од видео инсталации на 20-на екрани со разни димензии, со инсерти од негови филмови и кажувања за соработката со Роби, на Вендерс, Џармуш, Триер, Хојте ван Хојтема, Стив МекКвин)-  ретроспективната из-

ложба посветена на опусот на еден од најголемите холандски и светски кинематографери- присуствуваме на 3-ти јуни, на отворањето на изложбата под насловот: МАЈСТОРОТ НА СВЕТЛИНАТА-РОБИ МИЛЕР/MASTER OF LIGHT-ROBBY MULLER, кога јас му ја врачив НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЗЛАТНА КАМЕРА 300.

Инаку, големината на Роби Милер како уметник кинематографер со восхитувачки креативен потенцијал се огледа во фактот, што тој, како ретко кој друг во историјата на светската филмска уметност, соработувал со плеада водечки режисери, ко- креирајќи ги визуелно- кинестетски нивните филмови, кои се денес веќе антологиска гордост на седмата уметност. Имињата на режисерските великани со кои Роби Милер соработувал сведочат доволно: Вим Вендерс/WimWenders, Џим Џармуш/Jim Jarmusch, Ларс фон Триер/Lars von Trier (како најголемото и најзначајно режисерско трио во неговиот опус), потоа Едгар Рајц/Edgar Reitz (ПАТУВАЊЕ ДО ВИЕНА/DIE REISE NACH WIEN, 1973), Петер Хандке/Peter Handke (ЛЕВОРАКАТА ЖЕНА/THE LEFT-HANDED WOMAN, 1977), Џери Шацберг/Jerry Schatzberg (ОДНОВО НА ПАТОТ/ON THE ROAD AGAIN, 1979), Питер Богданович/Peter Bogdanovich ( SAINT JACK, 1979-во кој Роби лично се појавува во епизода, покрај самиот Богданович и актерот Газара и ТИЕ СИТЕ СЕ СМЕЕЈА/THEY ALL LAUGFHED, 1980), Вилиам Фридкин/VilliamFriedkin (ДА СЕ ЖИВЕЕ И УМРЕ ВО Л.А./TO LIVE AND DIE IN L.A. 1984), Џон Шлезинџер/John Schlesinger (ВЕРНИЦИТЕ/THE BELIEVERS, 1986), Барбет Шредер/BarbetSchroeder (БАРСКА МУШИЧКА/BARFLY, 1987), Роберто Бенињи/Roberto Benigni (МАЛИОТ ЃАВОЛ/THE LITTLE DEVIL, 1987),Andrzej Wajda/Анджеј Вајда (КОРЧАК/Korczak, 1989), Сели Потер/Sally Potter (ТАНГО ЛЕКЦИИТЕ/THE TANGO LESSONS, 1996), Мајкл Винтерботом/Michael Winterbottom(ЛУЃЕ ЗА 24 ЧАСОВНА ЖУРКА/24 HOUR PARTY PEOPLE, 2001). Со режисерот Стив МекКвин/Steve McQueen соработува на двапати, директно во 2001 во реализацијата на специфичниот 29 + 12 минутен филм КАРИБСКИ СКОК/CARIB's LEAP, сниман на Супер 8-ка и на 35мм лента па префрлен на видео, а МекКвин, снимениот материјал од Роби Милер во 2001, на Супер 8-ка, во 2014, го префрла во 10 минутната видео инсталација ПЕПЕЛ/ASHES.

-Сепак, уште на стартот на кариерата, Роби Милер со Вим Вендерс го имаат реализирано нивниот заеднички тандемски опус како најзначаен за нив како уметници. Обајцата на почетокот на кариерите, се сретнуваат и во 1968 го реализираат краткометражниот игран филм, 22 минутниот АЛАБАМА: 2000 СВЕТЛОСНИ ГОДИНИ/ALABAMA: 2000 LIGHT YEARS, што Роби го снимил во нему одсекогаш омилената црно/бела фотографија, што во следната година ја повторува во нивниот прв целовечерен игран филм ЛЕТО ВО ГРАДОТ/SUMMER IN THE CITY, на 16 мм лента. Според сценариото на генерацискиот другар, истомисленик-Петер Хандке, тандемот Вендерс-Милер во 1971 го создава нивниот прв колор филм СТРАВОТ НА ГОЛМАНОТ ОД ПЕНАЛ/THE GOALKEEPER's FEAR OF THE PENALTY, а зацртаната фомула за on-the-road movies, ја потврдуваат во филмот АЛИСА ВО ГРАДОТ/ALICE IN THE CITIES (1973, Роби го снима одново во црно/бела фотографија на 16мм, за потоа да е префрлен/blow-up, на 35мм). По овој прв филм од on-the-road трилогијата со препознатливата структура, продолжуваат во следните два филма: ЛОШО ДВИЖЕЊЕ/WRONG MOVE (1974, во колор) и КРАЛОВИ НА ДРУМОТ/KINGS OF THE ROAD (1975, црно/бела фотографија). Потоа, од раната нивна фаза доаѓа посебно култниот АМЕРИКАНСКИОТ ДРУГАР/THE AMERICAN FRIEND (1976), што Роби го сними во колор фотографија со нему специфични колор нагласени ефекти, кои ќе ја карактеризираат целата негова кариера како мајстор на осветлувањето и фотографијата во функција на драматиката на филмот, видливо

во овој значаен и под влијанието на американскиот жанровски крими-филм-ноар, базиран на романот на Патриша Хајсмит, лансирајќи го актерскиот тандем Денис Хопер-Бруно Ганц. Круната на нивната заедничка кариера е ремек делото, закитено со Златната Палма во Кан, 1984-PARIS TEXAS, во кое, по пауза од 7 години, ја продолжија новата маестрална демонстрација на визуелниот колор израз и користењето на светлината на Роби Милер, седно дали во exterior(првата сцена на отворањето на филмот/the opening shot, снимена од хеликоптер, во пустинскиот тотал), со што Милер веднаш го демонстрира своето снимателско/кинематограферско мајсторство, (карактеристично за неговото сфаќање и практикување е што тој за себе не прави разлика како снимател и кинематографер). Во продолжението на стартната секвенцата, повратникот во својот живот , Тревис/Travis, за да им се врати на спомените од семејните радосни мигови, (во одличната инспиративна креација, како улога на неговиот живот, на актерот Хери Дин Стентон) ќе се појави/вчекорува во кадарот, свртен со грбот, во пустињата која се отвора пред него како нов животен предизвик. Со заканувачки силните, тешки бои на пустинскиот амбиент, и со симболиката од насловот на билбордот-PARIS TEXAS , како безимен човек дојден од никаде, за да ја започне својата одисеја/авантура во потрага по загубениот идентитет, да го најде својот заборавен брат, и потоа да ги бара синчето Хантер и младата некогаш од него напуштена жена Џејн/Jane (во исто така инспиративната креација на златокосата убавица Настасја Кински, снимена во interior, облечена во крваво/црвена блуза, како друг антологиски trade-mark на визуелното изразување на Милер). Своето заедничко тандемско мајсторство Милер-Вендерс ќе го повторат и во долгометражното документарно ремек дело, музичкиот филм BUENA VISTA SOCIAL CLUB (1998, што Роби Милер, како кинематографер координатор, го снимал со група колеги на музички сцени во Амстердам, Њујорк и на Куба.

Покрај веќе спомenатата креативна соработка со Ларс фон Трир, во, на почетокот наведените 2 култни филма, Роби Милер има значајна соработка и со водечкиот независен американски автор Џим Џармуш, во исто така веќе култните филмови: НАДВОР ОД ЗАКОНОТ/DOWN BY LAW (1985, во црно/бела фотографија и со одличниот Роберто Бенињи во главната улога, кому потоа, во 1987, ќе му биде кинематографер во филмот МАЛИОТ ЃАВОЛ), МИСТЕРИОЗЕН ВОЗ/MISTERY TRAIN (1988, колор фотографија), DEAD MAN (1994, враќање на црно/белата фотографија) иКУЧЕ ДУХ:НАЧИНОТ НА САМУРАЈОТ/GHOST DOG: THE WAY OF THE SAMURAI (1998, уште една ефектна колор фотографија).За примената на видот на фотографијата, дали црно/бела или колор, како суштинско значење за неговиот визуелен израз и во функција на драматургијата на секој филм, Роби Милер јасно образложува:-"Секогаш со режисерот имам еден вид "мисловна вежба".- Зошто не во црно-бела техника? или зошто не во боја? Така, кога ќе си објасниме самите, знаеме каде да обрнеме внимание, бидејќи ако правите такви филмови, какви што, генерално, јас ги правам, тогаш бојата може да даде премногу информации..."

На крајот би заклучил, со уметничкиот израз во неговите најзначајни филмови и соработката со водечките светски режисери, Роби Милер влегува во ранглистата на 10-те најдобри светски кинематографери на сите времиња, со што и нашиот фестивал Браќа Манаки, е горд што овој великан-кинематографер, стана нов член во нашиот КЛУБ НА ВЕЛИКАНИТЕ/CLUB OF THE GREATS.

**Благоја КУНОВСКИ-ДОРЕ**
**Директор и селектор на Главната Компетиција "Камера 300"**

## THE WINNER OF THE LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD GOLDEN CAMERA 300 AT THE 37 EDITION OF THE INTERNATIONAL CINEMATOGRAPHERS FILM FESTIVAL MANAKI BROTHERS 2016, IS THE DUTCH CINEMATOGRAPHER: ROBBY MÜLLER, BVK/NSC

Robby Müllerwas born on 4 April 1940 in Curaçao, Dutch Antilles. In 1954 he moved from Indonesia to Holland, where he studied at NFA/Nederlandse Film Academie/The Dutch Film Academy from 1962-1964, in the cinematography and editing department. After his studies, he spent some time in Holland, and then went to Germany where he first worked as an assistant to the German cinematographer Gérard Vandenberg and at the same time worked as a cinematographer of video advertisements. In the course of the 1960s until nearly the end of the decade, he shot a series of short films as a cinematographer, while from the end of the 1960s and in the course of the 1970 he started his most significant, first phase of the tandem collaboration with the leading German and international director WimWenders.
Robby Müller's connection with the Manaki Brothers' Festival, at the 37 edition, in 2016, is symbolic in the sense that it marks the 20 anniversary from the first time when Robby Müller participated at the 17 Festival edition in 1996 with the film BREAKING THE WAVES (depicting in a color photography this exceptional psycho-moral drama of the tragic love of a girl whose lover will sustain a serious injury leaving him permanently disabled and unable to make love and have a normal life) creating this masterpiece in a creative tandem with director Lars Von Trier, which earned him the well-deserved Bronze Camera 300. They were featured as a tandem once again in the competition of the 21 MANAKI BROTHERS Festival, with another great film - DANCER IN THE DARK (once again color photography and cinema aesthetic which he builds into an unusual proletarian musical, in interiors with heavy machinery and exteriors on cargo train platforms, with Bjork and Deneuve as dancers, in an original dramaturgic and visual atmosphere).
Their connection raised to a higher level when in 2002, at the 23 festival edition in Bitola, Robby Müller became the Laureate of the Special Award Golden Camera 300 for Outstanding Contribution to World Cinema Art (when in his honor we screened the film MY BROTHER TOM, directed by Englishman Dom Rotheroe), and at the same time he served as President of the International Jury. With this year's LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD GOLDEN CAMERA 300, the MANAKI BROTHERS Festival, will celebrate and crown, in the best possible way, the exceptional creative and artistic opus of one of the greatest and most distinguished world cinematographers - ROBBY MÜLLER.

On this occasion, as a detail from our joint history and as a part of this retrospective reminiscence, I must inevitably present the moment of my, in fact, first indirect contact with Robby Müller. Namely, it was back when I selected his film BREAKING THE WAVES for the main competition, which naturally implied an invitation for him to be our guest in Bitola, as a cinematographer-participant in the competition,he replied with an honest, friendly letter in his handwriting and signed by him,




- The mutual wish to finally meet in person, in Bitola, was fulfilled 6 years later, in 2002, when at the 23th edition he came in the double role of Laureate of the Special Award Golden Camera 300 for Outstanding Contribution of World Cinema Art and President of the International Jury. In the jubilee catalogue edition on the occasion of the 25 anniversary of the Manaki Brothers Festival, in section on the 23 Festival in 2002, we have the photos:
Robby Müller with the remaining members of the jury, and another one, where then-director TomiSalkovski presents the award to Robby Müller at the special cocktail, while in my personal collection I have saved, as a dear memorabilia, his color portrait photo, in which Mr. Robby Müller, with the smile and joyfulness typical for him, proudlyholds the Special Golden Camera 300.
- When it comes to Robby Müller's opus, it contains over 80 films (together with the shorts from the start of his career and then the mainly long-feature films, as well as the 15-odd TV films) and there would have been many more if he had not been prevented by a grave neurological disease, which has intensified since 2010, and his lovely spouse, Andrea Müller informed me about that.

which we printed as a facsimile in the catalogue of the 17th edition held in 1996. In it, the upper part of the letter states: from Robby Müller to BlagojaKunovski. It proceeds as follows:

"-Dear Mr. Kunovski,

Thank you for your invitation. I truly am flattered. The reason for my late reply is my work which is also the reason for my absence.
My apologies!
I am really sorry I won't be able to accept your invitation, due to previously scheduled obligations which I already started before I received your invitation.
That's why, once again, I thank you for the invitation!
- And may your festival be a successful and exciting experience for my colleagues in Macedonia!

Sincerely yours,
Robby Müller"

They met for the first time, as Andrea recalls, back in 1990 and have been married since 1993, with her proceeding to accompany him on, quite often on set, while she herself, as an art historian and great connoisseur of his Polaroid photographs,went on to sign the introductory notes in 2 books about Robby's Polaroids published under the titles Exterior and Interior).

Due to this vis-major circumstances, Robby Mullerwill not be able to personally come to Bitola on 10 September, at the ceremony where he will be declared Laureate of the 37 edition of the Manaki Brothers, but, as a first part in the celebration of the greatness of this artist, I and our Artistic Director GenaTeodosievska - at the invitation of the prestigious cultural center/museum of video and film art - EYE, Amsterdam, which over the summer, June, July and August featured (as a network of video installations projected onto 20 screens in various dimensions, with excerpts from his films and interviews about Robby's collaboration with Wenders, Jarmusch, Trier, Hoyte van Hoytema, Steve McQueen) a retrospective exhibition dedicated to the opus of one of the greatest Dutch and international cinematographers - on the 3 June attended the opening of the exhibition titled MASTER OF LIGHT - ROBBY MÜLLER, when I presented him with the LIFETIME ACHIVEMENT GOLDEN CAMERA 300 AWARD.

Otherwise, Robby Müller's greatness and artistry as a cinematographer with an astonishing creative potential is reflected in the fact that he, like very few other people in the history of world cinema art, has collaborated with a multitude of leading directors, co-creating their films in visual and cinematic terms and contributing to their becoming anthological titles of the seventh art. The names of these great directors that Robby Müller has collaborated with, speak loudly enough for themselves: WimWenders, Jim Jarmusch, Lars von Trier (as the most significant and greatest directors' trio in his output), followed by Edgar Reitz (DIE REISE NACH WIEN, 1973), Peter Handke (THE LEFT-HANDED WOMAN, 1977), Jerry Schatzberg (ON THE ROAD AGAIN, 1979), Peter Bogdanovich ( SAINT JACK, 1979 - in which Robby has a cameo himself, along with Bogdanovich himself and the actor Gazara and THEY ALL LAUGFHED, 1980), William Friedkin (TO LIVE AND DIE IN L.A. 1984), John Schlesinger (THE BELIEVERS, 1986), BarbetSchroeder (BARFLY, 1987), Roberto Benigni (THE LITTLE DEVIL, 1987), Andrzej Wajda (KORCZAK, 1989), Sally Potter (THE TANGO LESSONS, 1996), Michael Winterbottom, 24 HOUR PARTY PEOPLE, 2001). He has collaborated with director Steve McQueen twice, directly in 2001 in the realization of the specific 29 + 12 minute CARIB'S LEAP, shot on a Super 8 and 35mm and then transferred to video, and McQueen in 2014 transfers the footage short by Robby Müller on Super 8 in 2001 in the 10-minute video installation ASHES.

- However, from the very start of his career, Robby Müller together with WimWendershavecreated their joint tandem opus as the most significant for them as artists. Both of them just starting out as filmmakers, they met in 1968 and made the 22-minute short feature ALABAMA: 2000 LIGHT YEARS FROM HOME, which Robby shot in his, from the very beginning, favourite black and white photography, which he uses again the following year for their first long feature film SUMMER IN THE CITY on 16mm.

According to the script of another friend from their generation - likemind Peter Handke, the tandem Wenders-Müller in 1971 created their first color film THE GOALKEEPER's FEAR OF THE PENALTY and they go back to the already established formula for on-the-road films with ALICE IN THE CITIZES (1973), which Robby shot once again in black and white and on 16mm which was later blown-up to 35mm). This first film from on-the-road trilogy with a recognizable structure was followed by the next two films: WRONG MOVE (1974 color) and KINGS OF THE ROAD (1975, black and white). Later on, from their early phase, we

also have their cult film THE AMERICAN FRIEND (1976) which Robby shot in color with accentuated effects typical for him, which will continue to be a characteristic of his entire career as a master of lighting and photography functioning as a plot device in the narration, which is visible in this important film made under the influence of the American genre of film-noir, based on Patricia Highsmith's novel, launching the tandem of actors Dennis Hopper and Bruno Ganz. The crown in their joint career is the masterpiece which won the Palm d'Or at Cannes in 1984, PARIS, TEXAS, which, after a break of 7 years, was a continuation of the majestic demonstration of visual-color expression and use of light by Robby Müller, regardless of whether shot in an exterior (the opening scene, a wide shot taken from a helicopter in a desert, in which Müller immediately demonstrated his mastery as a cinematographer - what is typical of his understanding and practicing of this work is that he does not distinguish between being a camera operator and a cinematographer when it comes to himself), or interior. In continuation of the starting sequence, the returnee into his own life, Travis, dwells on the happy memories from his family life (in the excellent and inspiring creation, and once-in-a-lifetime role of actor Harry Dean Stanton), appears/steps into the frame, with his back to the camera, into the desert which opens up in front of him as a vast challenge. With the threateningly bold, heavy colors of the desert setting, and the symbolic of the billboard inscribed with "PARIS, TEXAS", as a nameless person coming from nowhere to start his odyssey/adventure in quest of his lost identity, to find his lost brother, and then his son Hunter and the young, previously abandoned by him, wife Jane (an also inspiring performance by Nastassja Kinski, shot in an interior, dressed in a blood-red sweater, as another anthological trademark of Müller's visual expression). Müller and Wenders once again reaffirmed their joint mastery as a tandem in the long documentary, the music film BUENA VISTA SOCIAL CLUB (1998), which Robby Müller, as a coordinator of cinematography shot with a group of colleagues on music stages in Amsterdam, New York and Cuba.

Apart from the already mentioned creative collaboration with Lars Von Trier, in the 2 cult films mentioned at the very beginning, Robby Müller has also achieved significant collaboration with the leading independent American author, Jim Jarmusch, in the also already cult films: DOWN BY LAW (1985, black and white featuring the excellent Roberto Benigni in the main role, with whom he would also work later as a cinematographer in the LITTLE DEVIL), MYSTERY TRAIN (1988, color), DEAD MAN (1994, return to black and white), and GHOST DOG: THE WAY OF THESAMURAI (1988, another highly effective color film). When it comes to what kind of photography to apply to a film, whether black and white or color, as an essential aspect of his visual expression and functioning to enhance the film's plotline, Müller explains very clearly: "I always have a sort of a "mental exercise" with the director. -'Why not black and white? Or why not color?' then, after we elaborate it to ourselves, we know what to pay attention to, because if you're making films like I'm making, in general, then color can give out too much information..."
Finally, I would like to conclude, with the artistic expression in his most significant films and the collaboration with the leading world directors, Robby Müller enters the list of the top 10 best world cinematographers of all times, making our Festival - the Manaki Brothers, very proud to have this great cinematographer as the latest member in our CLUB OF THE GREATS.

**Blagoja KUNOVSKI - DORE**
**Festival Director and Selector of the**
**Camera 300 Competition**



Како составен дел од големата ретроспективна изложба, што во музејот EYE во Амстердам беше одржана од трети јуни до трети септември 2016 година, посветена на филмскиот и фотографски опус на Роби Милер, под наслов МАЈСТОР НА СВЕТЛИНАТА - РОБИ МИЛЕР/MASTER OF LIGHT - ROBBY MULLER, беа издадени и двете книги - Екстериер/Ентериер (Exterior/Interior), посветени на фотографиите поларoид на Роби Милер - како негова посебна љубов. Донесуваме делови од воведите во обете книги од Андреа Милер, сопруга на Роби, која е најголемиот познавач на овој негов фотографски опус:

„Фасцинацијата на Роби со поларoидите почна, ако добро се сеќавам, со снимањето на АЛИС ВО ГРАДОВИТЕ на Вим Вендерс во 1973 година, кога на располагање имаа прототип на новата камера ЕС-ИКС-70. Тој фотографираше поларoиди околу триесетина години и за тоа време користеше различни модели од овој фотоапарат. Кога го сретнав Роби во 1990 година го користеше моделот поларoид 600, а подоцна поларoид спектра, кој правеше малку пошироки фотографии. Штом Роби ќе почнеше да работи на филм, или кога заедно патувавме, секогаш мораше со себе да земе цел куп фотоапарати; еден од нив често беше и оној за поларoиди.

Она што ги прави поларoидите посебни е, се разбира, брзиот резултат. Додека се развиваа, Роби ќе ги извлечеше од фотоапаратот и потоа, без исклучок, ќе ги ставеше во наборот кај ременот. Затоа што фотографијата брзо се развиваше, можеше веднаш да го фотографира она што го набљудува. Но, поларoидите, исто така, може да се користат за да се зачуваат сите посебни моменти. Затоа Роби често ги запишуваше датумот и местото на задната страна од фотографијата; понекогаш ќе го додадеше и насловот на филмот на кој работеше во моментот.

Роби речиси никогаш не фотографираше додека беше на снимање; едноставно немаше време за тоа. Како кинематографер постојано беше во движење: во текот на пробите, додека работеше на осветлувањето, додека го снимаше филмот... Можам да го замислам како тргнува со црвената чанта преку рамо за да талка низ местата во кои престојува, во потрага по мотиви за квадратниот кадар на својот фотоапарат поларoид. Или како се обидува да фотографира за време на „синиот час“, таа рамнотежа меѓу дневна и вештачка светлина. Ми раскажувал многу за инциденцата на светлината, интензитетот на светлината и рабовите што се создаваат од одблесоците, за сенки и нијанси. Оттогаш постојано ги забележувам тие работи околу себе. (Екстериер)

Андреа Милер

„Роби навистина со мерак го фотографираше светот околу себе, се она што ќе му фатеше око: неговите деца, цвеќињата и дрвјата што ќе ги забележеше на прошетките. Штом се најдеше сам во хотелска соба, окото ќе му го привлечеше огледалото во бањата, светлоста во собата или погледот низ прозорецот. Верувам дека поларoидите, за него, беа главно врзани со интимноста. Ова се лични, случајни моменти што никогаш не било планирано да ги види друг. Но, работите се менуваат... (Ентериер)

As an integral part of the major retrospective exhibition held in the EYE museum in Amsterdam from 3 June - 3 September 2016, devoted to the cinematic and photographic output of Robby Müller, under the title: - MASTER OF LIGHT - ROBBY MÜLLER, the two books Exterior/Interior were also published, featuring Robby Müller's Polaroid photos as a his special love. Here we offer excerpts of the introductions to both of his books written by Robby's wife Andrea Müller, who is in fact the greatest connoisseur of his photographic output:
-"Robby's fascination with Polaroids began, to my mind, with the filming of Wim Wenders' ALICE IN THE CITIES in 1973, when a prototype of the new SX-70 camera was made available to them. He took Polaroids for roughly thirty years and throughout that time the camera models moreover changed. When I met Robby in 1990, he was using the Polaroid 600 and later the Polaroid Spectra, which produced slightly wider images. When Robby set off to work on a film, or when we were travelling together, he always had to take a variety of cameras along; one of those was often for taking Polaroids.
What makes Polaroids exceptional is, of course, the instant result. When developing one, Robby would pull the photograph out of the camera and then, without fail, tuck it under his T-shirt. Because the image came about promptly, he was able to capture observations immediately. But a Polaroid could also be used to record a special moment. That's why Robby frequently wrote a date and a name of a place on the back of the photograph; sometimes he would add the title of a film that he was working on at the time.
Robby virtually never took photographs while on a film set; he simply had no time for this. As a cinematographer he was constantly on the move: during rehearsals, when working on the lighting, and, of course, while shooting the film... But I can see him going off with his red shoulder bag, roaming about the places where he was staying in search of motifs for the square frame of his Polaroid camera. Or attempting to capture during the "blue hour" that balance between daylight and artificial light. He has told me a lot about the incidence of light, intensities of light and edges made by reflections, about shadows and shades. Since then I've been seeing this all around me. ("Exterior")
Andrea Muller

-"Robby was fond of photographing the world around him, whatever caught his eye: his children, flowers and trees noticed on walks. When he found himself alone in a hotel room, his eye would be drawn to the mirror in the bathroom, the light in the room, or the view from the window. I believe that the Polaroid, for him, was mainly about intimacy. These are personal, random moments never intended for others to see. But things can change...("Interior")









# LIFETIME ACHIEVEMENT AWARD



**ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЗЛАТНА КАМЕРА 300 Е АВСТРАЛИСКИОТ КИНЕМАТОГРАФЕР:**

**ЏОН СИЛ/JOHN SEALE, ACS/ASC**

## ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО „ЗЛАТНА КАМЕРА 300" НА 37 ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКА КАМЕРА БРАЌА МАНАКИ, 2016, Е АВСТРАЛИСКИОТ КИНЕМАТОГРАФЕР-ОСКАРОВЕЦОТ: ЏОН СИЛ/JOHN SEALE, ACS/ASC

Џон СИЛ е еден од не само врвните австралиски туку и светски кинематографери. Супер убедлив доказ за тоа е што е тој потписник на најновиот апсолутен светски хит MAD MAX-FURY ROAD (лансиран по светската премиера на ланскиот Кан).

Џон СИЛ е роден на 5 октомври 1942 во Ворвик/Warwick, Квинсленд/Queensland, Австралија/Australia, како Џон Клемент СИЛ/John Clement SEALE. Од 1967 е во долгогодишен брак со Луиз Сил/Louise Seale (и самата филмски професионалец).

По завршувањето на средното училиште во Сиднеј, Џон СИЛ имал ретка среќна околност уште на 21 година да влезе во ABC-TV.Ветеранот, снимателот Берт Николас/Bert Nicholas, постепено го воведувал во снимателската работа, а Џон имал дополнителна поволност што исто така искусниот снимател Бил Гримонд/Bill Grimond го зел под закрила. Во 1965 Гримонд ги убедил шефовите на ABC-TV, да му дадат шанса на Џон како снимател и така Џон со искусниот Гримонд работеле на детската серија WANDJINA и потоа продолжиле со соработката. Така уште на стартот на кариерата за професионалното напредување и усовршување за Џон како снимател, било драгоцено искуството стекнувано од работата со други снимачи/camera operators-кинематографери/cinematographers, калејќи се на патот до самостоен кинематографер со тоа што на многумина искусни колеги кинематографери им бил снимател/camera operator, па дури и во сопствените филмови како кинематографер тој ја обавувал снимателската работа, што е клучна карактеристика во неговата кариера. Значи, за него двојството камерман/снимател/camera operator и кинематографер/cinematographer било сфатено како професионална целина, самиот да си самостоен како камерман/снимател под чија команда е создавањето на филмот и на тоа големо искуство накалемената креативност како кинематографер, кој ја правел синтезата на фотографијата и одредувањето на светлината во кинестетскиот процес на создавање на идното уметничко дело во ко-креација со режисерите. Зацврстувањето на сигурноста во двојството како снимател/камерман/camera operator, карактеристично може да се опише низ примерите на филмови создавани во триаголникот: водечкиот режисер на австралискиот нов филмски бран-Питер Вир/Peter Weir, кој ги ангажирал во текот на 1970-те, двајцата генерациски колеги, Џон Сил како снимател на 2 години помладиот кинематографер Расел Бојд/Russell Boyd, значајните филмови во кариерата на Вир и нивните, како снимачи-кинематографери: ОТ КАЈ ХЕНГИНГ РОК/PICNIC AT HANGING ROCK (1975, ефектно сликана мистериозна атмосфера за исчезнувањето на група девојки од женски колеџ при нивниот излет во провинција, што на кинематограферот Бојд му ја донесува БАФТА Наградата, а за што секако како снимател имал заслуга самиот Џон Сил),ПОСЛЕДНИОТ БРАН/THE LAST WAVE (1977) и особено воената драма од крвавата епизода на австралиските војни-



ци на боиштето на Медитеранот, против турската војска, во првата светска војна во филмот ГАЛИПОЛЕ/GALLIPOLI (1980), пошто ова креативно трио го стекна првиот поголем меѓународен успех, што придонесе за видливата афирмација на тогашниот нов австралиски филм. Тандемот Сил (како second unit photographer/кинематографер)-Бојд (како главен кинематографер), во 1982 ќе  има уште една нова успешна креативна соработка, пак во филм на Питер Вир, беше тоа интернационално новиот успех ГОДИНАТА НА ОПАСНО ЖИВЕЕЊЕ/THE YEAR OF LIVING DANGEROUSLY, ефектно динамично, визуелно-саспенсовски снимени опасно-драматичните настани во времето на диктатурата на Сухарто во Индонезија, во кои ќе се најдат, младиот репортер Гај/Guy(Мел Гибсон) и неговата фотографка (во Оскаровската улога на Линда Хант). Алично за Џон СИЛ, меѓународната промоција како успешен кинематографер уследи во 1983 со филмот ДОВИДУВАЊЕ РАЈУ/GOODBUYE PARADISE, за што беше награден од ASC/АвстралискатаАсоцијација на Кинематографери со "Мили"/"Milli" наградата за најдобар австралиски кинематографер на годината. Во 1985, решавачка понуда од Питер Вир да заминат во САД каде како кинематографер го сними еден од не само најдобрите филмови во кариерата на самиот режисер, својата и воопшто во тогашниот нов австралиски филмски бран-СВЕДОК/WITNESS (првите, Оскар и БАФТА, Номинации, во 1986), со што започна суштинската интернационална кариера на кинематограферот Џон СИЛ. Во трилер-саспенс-љубовната  драма што се случува во кругот на едно семејство на Емишите, кога полицаецот Џон Бук/John Book (Harrison Ford), ранет во пресметката со гангстери во чија потрага е, ќе мора да се крие кај семејството, воедно шти-

тејќи го и детето како сведок кој видел премногу од злосторството на гангстерите, притоа вљубувајќи се во неговата мајка (Kelly McGillis)- Џон СИЛ го демонстрира сето свое кинематограферско мајсторство и тогаш за влакно му избега заслужениот Оскар. Во текот на 1970-те, Џон Сил ќе има уште неколку значајни соработки од позиција на снимател/камерман/camera operator со други колеги кинематографери, придонесувајќи за нивниот уметнички и креативен успех. И во 1986 продолжува соработката на Џон Сил со Питер Вир, во неговиот филм БРЕГОТ НА КОМАРЦИТЕ/THE MOSQUITO COAST, со Херисон Форд/Harrison Ford, како догматичен пронаоѓач со нови визии за контра западната цивилизација, кој го преселува семејството во Латинска Америка, доживувајќи и личен крах. Тоа беше уште една снимателско-кинематограферска авантура на Џон Сил во двојството: кинематографер и снимателна првата екипа/camera operator: first camera crew( а Давид Бар/David Burr, негов близок колега, бешеснимател/camera operator: second unit photography, како што беше и2up/second unit photography/кинематографер на втора екипа во спектаклотMAD MAX FURY: ROAD) за во финалето на овој портрет, да го потенцирам ова најново ремек-дело, како врв во творештвото на Џон Сил.Во 1988 продолжува успешната соработка меѓу тандемот: Сил-Вир со одличната, поетски интимистичка, духовно суптилна драма-ДРУШТВО НА МРТВИТЕ ПОЕТИ/DEAD POETS SOCIETY.

Покрај Питер Вир, значаен ко-креативен партнер во кариерата на Џон Сил е и британскиот режисер Ентони Мингела/Anthony Minghella, со кого во текот на 1990-те и на почетокот на 2000-те, Џон Сил како искусен кинематографер со светска репутација, најнапред го снимиоскаровскиот филм АНГЛИСКИОТ ПАЦИЕНТ/THE ENGLISH PATIENT, воедно и неговиот прв и единствен Оскар како кинематографер,освоен во 1996, што значи дека Сил го одбележува токму годинава, на 37 издание на фестивалот Браќа Манаки, 20-годишниот Јубилеј од освојувањето на Оскарот.

Од љубовно-моралните искушенија во распнувачката драма на страст и вина, под крајот на Втората светска војна во пустинскиот амбиент, тандемот Сил-Мингела не’ пренесува во уште поексплозивната драматика на злосторството и казната во психо-визуелната бура на вториот заеднички филм ТАЛЕНТИРАНИОТ Г-дин РИПЛИ/THE TALENTED Mr. RIPLEY (1998, во кој Сил е пак и во улога на снимател, а неговиот син Дерин Сил е video playback operator/снимател), за да завршат во кулминацијата на американската граѓанска војна, од вестерновска силина, во хепиендовска љубовна катарза во, за Оскар 2004 Номинираниот филм- СТУДЕНА ПЛАНИНА/COLD MOUNTAIN.

Во списокот на успешни креативни соработки во опусот на снимателот- кинематографер Џон Сил, како значајни филмови создавани со истакнати светски режисерисе уште: ДЕЦА НА ПОМАЛИОТ БОГ/CHILDREN OF A LESSER GOD (1986, режија Ренда Хејнс/Randa Haines), ГОРИЛА ВО ИЗМАГЛИЦА/GORILLAS MIST (1987, режија Мајкл Ептид/MickhaelApted), потоа за Оскар Номинираниот ДОЖДОВЕН ЧОВЕК/RAIN MAN (1988, режија Бери Левинсон),ЛОРЕНЦОВОТО МАСЛО/LORENZO’S OIL (1991, режија Џорџ Милер), ФИРМА/THE FIRM (1992, режија Сидни Полак), ХАРТИЈАТА/THE PAPER (1993, режија Рон Хауард), ПОТАМУ ОД РАНГУН/BEYOND RANGOON (1994, режија Џон Бурмен), АМЕРИКАНСКИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ/THE AMERICAN PRESIDENT (1995, режија Роб Рајнер), двата филма на Волфганг Петерсен: ПЕРФЕКТНАТА БУРА/THE PERFECT STORM (1999) и ПОСЕЈДОН/POSEIDON (2005), па ХАРИ ПОТЕР И КАМЕНОТ НА ФИЛОЗОФОТ/HARRY POTTER AND THE PHILOSOPHER’S STONE (2000, режија Крис Колумбас).-Сите филмови од оваа импозантна група со своите антологиски вред-



ности, сведочат дополнително за големината на уметникот/сниматeл/кинематографер- Џон Сил

-Но, уште на почетокот на овој текст потенцираниот ЛУДИОТ МАКС- ПАТ НА БЕСОТ/MADMAX: FURY ROAD, од аспект на продукциско-технолошко-вузуелно-сниметалско-кинематограферски перформанси и жанровска моќ, е врв не само во опусот на големиот Џон Сил, како уметничка креација,туку е и врв во досегашната big-budget/block baster галаксија. По прототипскиот MADMAX (1979, со кинематограферот Дејвид Егбај/David Eggby) и другите 2 од 1981 и 1985, сценаристот-режисер-продуцент Џорџ Милер, во кинематограферот Џон Сил го има вистинскиот диригент на најновата визуелна симфонија за антиутописка, пост-апокалиптична визија за Австралија, со новиот Max (Том Харди) и Фуриоза (Чарлиз Терон)во заедничката борба против тиранијата и злото. Тандемот филмски Masterminds, Милер-Сил, во MADMAX:FURY ROAD, имаат своевидно ремек дело креирано со супериорна снимателскатехнологија, за која бројките од credits на продукцијата се доволен доказ, со неколкуте:A,B,C камери, снимателско-кинематограферски целини, steady cam operators,3D camera construction, 3D camera design,  3D camera design and construction (со врвот во гледачкото доживување во IMAX 3D проекцијата), асамо во секцијата визуелни ефекти/visual effects се бројат над 500 соработници,плус статистите и нивната значајна улога во овој снимателски спектакл, кои си имаат своја приказна.Притоа само Номинацијата за Оскар кој Џон Сил апсолутно го заслужи, оди на грев на членовите на АА/Американската Филмска Академија, на кои ова нема да им биде прв поголем неопростлив пропуст!. Но затоа, светската федерација на филмски критичари FIPRESCI, го прогласи филмот MAD MAX:FURY ROAD за апсолутно најдобар филм во 2015, при што значајна заслуга има и креацијата на Џон Сил.

Затоа, впишувањето на Џон Сил во Клубот на Великаните/The Club of The Greats, на Фестивалот Браќа Манаки/37 издание, е наш полн погодок на што сме горди, зашто во календарскиот круг на 2015/2016, со се' уште актуелната планетарна aura на енормна популарност и непобитни продукциско-креативни потенцијали, успеавме да го донесеме во Битола како голем Лауреат, визуелниот творец на MAD MAX:FURY ROAD, големиот меѓу големите, кинематограферот Џон СИЛ.

**Благоја КУНОВСКИ-ДОРЕ**
**Директор и селектор на Компетицијата “Камера 300”**

## THE WINNER OF THE GOLDEN CAMERA 300 FOR LIFETIME ACHIEVEMENT AT THE 37 EDITION OF THE MANAKI BROTHERS FESTIVAL 2016 IS THE AUSTRALIAN CINEMATOGRAPHER, THE OSCAR-WINNING: JOHN SEALE,ACS/ASC

John Seale is one of the top, not only Australian but also international cinematographers. His signature on the latest absolute international blockbuster MAD MAX - FURY ROAD (launched after the world premiere at last year's festival in Cannes) is just another solid proof of this.

John Seale was born on 5 October 1942 in Warwick, Queensland, Australia, as John Clement SEALE. In 1967 he has been married to Louise Seale (herself a film professional).

After graduating from high school in Sydney, John SEALE was fortunate enough to enter ABC-TV when he was only 21 years old. The veteran cinematographer Bert Nicholas gradually introduced him to the craft of cinematography, while John had the fortune of being guided by the experienced cinematographer Bill Grimond. In 1965 Grimond convinced the managers of ABC-TV to give John a chance as a camera-operator, and thus John, together with experienced Grimond, worked on the kids TV show WANDJINA! then continued to collaborate. So, from the very start of his career and professional growth and development as a cinematographer, he gained precious experience working with other camera operators and cinematographers, trudging the road towards becoming an independent cinematographer by working as the camera operator of many experienced colleagues, and even working as the camera operator in the films that he signed as a cinematographer which is one of the key attributes of his career. Meaning that he understood the duality of being a camera operator and cinematographer as a professional whole, being self-sufficient as his own camera operator entrusted with the shaping of the final product with his hands, combining this great artistry with the creative vision of a cinematographer who makes the synthesis of the photography and the setting up of the lighting in the kinesthetic process of creating the future work of art in collaboration with the film director. The foundation of his certainty as a camera operator can be described through the examples of films shot by the creative trio: the leading director of the Australian new wave cinema, Peter Weir, who in the course of the 1970s hired the two colleagues from the same generation: John Seale as the camera operator and the two-year-younger Russell Boyd as cinematographer. This led to the production of the film: PICNIC AT HANGING ROCK (1975, an effectively depicted mysterious atmosphere about the disappearance of a group of girls from a girls' college during their visit to the countryside, which earned cinematographer Boyd the BAFTA Award, and is definitely something that John Seale himself is to be credited for), THE LAST WAVE (1977), and especially the war drama from the blood-drenched episode of the Australian soldiers at the Mediterranean front against the Turkish army in the First , in the film GALLIPOLI (1980) which earned this creative trio increased international recognition and led to visible affirmation of the new Australian cinema at the time.

The tandem Seale (as second unit photographer/cinematographer) and Boyd (as cinematographer), went on




to have another successful collaboration in 1982, once again in a film by Peter Weir, which was the international new success THE YEAR OF LIVING DANGEROUSLY, with visually suspenseful, effectively and dynamically shot dramatic events during Suharto's dictatorship in Indonesia, the whirlwind of which consumes young reporter Guy (Mel Gibson) and his photographer (in the Oscar-winning role for Linda Hunt). John SEALE's personal international recognition as a successful cinematographer came with the film GOODBYE PARADISE which brought him Milli - the ASC Award, the Award of the Australian Cinematographers' Association, the award for best Australian cinematographer of the year. 1985 was a turning point when SEALE moved to USA at Peter Weir's offer to work as a cinematographer on WITNESS (earning him the first Oscar and BAFTA nominations in 1986), not only one of the most acclaimed films in the director's career, but also one of the best films in the then Australian new wave, which marked the start of SEALE's international career. The thriller-suspense love drama revolves around a family from the Amish community when police officer John Book (Harrison Ford) gets wounded in a confrontation with the criminals he is after and must hide with them, at the same time trying to protect the child-witness who has seen the crime committed by the gangsters and starts to fall in love with his mother (Kelly McGillis). John Seale demonstrated his entire cinematic mastery in this film and narrowly missed the well-deserved Academy Award. Over the 1970s, John Seale had a few more significant collaborations as a camera operator of fellow cinematographers, contributing largely to their artistic and creative success. In 1986 he continued his collaboration with Peter Weir in THE MOSQUITO COAST, once again starring Harrison Ford

as a dogmatic inventor with new visions against the western civilization who, together with his family, moves to South America and undergoes a personal breakdown. This was another of John Seale's directorial and cinematographer's adventures in the dual role of cinematographer and first unit camera operator (while David Burr, his close colleague, was the camera operator of second unit photography, and years later reprised this role as second unit cinematographer in the MAD MAX: FURY ROAD spectacle - a master-piece that we will came back to later on in this portrait, to give it due emphasis, as the peak in John Seale's creative output). In 1988 the successful collaboration of the tandem Seale-Weir continued with the excellent, poetic and intimate, spiritually subtle drama - DEAD POETS SOCIETY. Apart from Peter Weir, an important creative partner in John Seale's career was the British director Anthony Minghella, with whom, in the course of the 90s and at the start of the 2000s, John Seale, as an experienced cinematographer with international reputation, first shot the Oscar-winning film THE ENGLISH PATIENT, which was his first and only Academy Award as a cinematographer, in 1997, which means that exactly this year, at the 37 edition of the Manaki Brothers Festival, Seale celebrates the 20th anniversary since he won the award. From the lovers' moral temptations in the tumultuous



whirlwind of passion and guilt, near the end of the Second World War, in the backdrop of a desert, the duet of Seal-Minghella takes us into the even more explosive relationship between crime and punishment in the psycho-visual storm of their second creation THE TALENTED Mr. RIPLEY (1998, where Seale was also the camera operator, while his son Derin Seale was the video playback operator) and ends with the culmination of the American Civil War in the raw Western force and a happy-ending lovers' catharsis in the Academy Award nominated COLD MOUNTAIN (2004).

The list of Seale's successful creative collaborations as a camera operator/cinematographer, goes on with a number of films made together with prominent international directors such as: CHILDREN OF A LESSER GOD (1986, directed by Randa Haines), GORILLAS IN THE MIST (1987, directed by Michael Apted), then the Oscar-nominated RAIN MAN (1988, directed by Barry Levinsion), LORENZO'S OIL (1991, directed by Gorge Miller), THE FIRM (1992, directed by Sidney Polack), THE PAPER (1993, directed by Ron Howard), BEYOND RANGOON (1994, directed by John Boorman), THE AMERICAN PRESIDENT (1995, directed by Rob Rainer), the two films by Wolfgang Peterssen THE PERFECT STORM (199) and POSEIDON (2005), then HARRY POTTER AND THE PHILOSOPHER'S STONE (2000, directed by Chris Columbus). - All the films from this impressive list, with their anthological values, serve to highlight the greatness of the artist/camera oper-



ator/cinematographer - Joan Seale.
- However, the film we mentioned at the very start of this text, MAD MAX: FURY ROAD, from the aspect of its production-technological-visual-cinematographer's performance and cinematic power, is the peak not only of the opus of the great John Seale, as an artistic creation, but also the peak in the entire big budget blockbuster galaxy so far. After the prototypical MAD MAX (1979 shot by cinematographer David Aggby) and the two sequels from 1981 and 1985, the writer-director-producer George Miller finds the real conductor of this visual symphony of the anti-utopian, post-apocalyptic vision of Australia in cinematographer John Seal, together with the new Max (Tom Hardy) and Furiosa (Charlize Theron) in their joint battle against tyranny and evil. The duet of cinematic masterminds, Miller-Seale, have a genre masterpiece created with superior cinematic technology. The very numbers of the production credits are a sufficient proof of this with the several: A, B, C cameras, camera-operating, cinematography units, steady cam operators, RED camera construction, camera design and construction (with the best viewer's experience coming from the IMAX 3D screening), and only the section of visual effects numbers over 500 credits, to which we need to add the stunts (over 150) and their significant contribution to this cinematographic spectacle, adds yet another layer to the story. All of this awarded by a mere Oscar nomination for an Award that John Seale absolutely deserved, would be on the soul of the members of the American Academy of Motion Picture Arts and Science, and it will not be their first unforgivable mistake! However, the International Federation of Film Critics/FIPRESCI, pronounced MAD MAX: FURY ROAD Best Film for 2015, thereby paying the due tribute to John Seale's creation.
Therefore, introducing John Seale to the Club of Greats of the Manaki Brothers Festival, at its 37 edition, is a superior achievement that we are very proud of, because in the calendar year of 2015/2016, with the still uplifting global aura of the enormous popularity and undeniable production-creative potentials, we have managed to bring to Bitola as a great Laureate, the visual creator of MAD MAX: FURY ROAD, one of the greatest among the great, the cinematographer John Seale.

**Blagoja KUNOVSKI - DORE**
**Festival Director and Selector of the "Camera 300" Competition**



**SPECIAL GOLDEN CAMERA 300**




**ДОБИТНИК НА СПЕЦИЈАЛНАТА НАГРАДА ЗЛАТНА КАМЕРА 300 ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС КОН СВЕТСКАТА ФИЛМСКА УМЕТНОСТ Е АМЕРИКАНСКИОТ КИНЕМАТОГРАФЕР СО ГРЧКО ПОТЕКЛО:**

**ФЕДОН ПАПАМИХАИЛ/ PHEDON PAPAMICHAEL ASC/GSC**

## ДОБИТНИК НА СПЕЦИЈАЛНАТА НАГРАДА „ЗЛАТНА КАМЕРА 300“ ЗА ОСОБЕН ПРИДОНЕС КОН СВЕТСКАТА ФИЛМСКА УМЕТНОСТ НА 37 ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ НА ФИЛМСКАТА КАМЕРА „БРАЌА МАНАКИ“ Е АМЕРИКАНСКИОТ КИНЕМАТОГРАФЕР И РЕЖИСЕР СО ГРЧКО ПОТЕКЛО ФЕДОН ПАПАМИХАИЛ (PHEDON PAPAMICHAEL JR.)

Да се пишува за еден уметник е како да решавате ребус, поголем број од буквите во креирањето на слогот ви се познати, а сепак се е неизвесно, каде ќе ве однесат визуелните флешови кои ве поврзуваат со нив, со нивната работа, а особено кога станува збор за директорите на фотографија, за кинематограферите. Нивната вештина и познавањето на севкупниот процес на реализација на една филмска продукција се особено релевантни и затоа секој режисер особено внимателно го избира овој свој прв соработник. Кинематограферот е секогаш во позадина, често незабележлив, но со јасна идеја за се што се случува пред неговата камера. Тој е непосредниот медијатор на магијата од филмското платно во исчекувањето во таа глува интимна полутемнина до „нашето место каде што пеперугите затреперуваат со крилцата“. Од тие затреперувања зависат светови. Чест ни е што во нашиот мал, но избран свет на фестивалот „Браќа Манаки“, ќе блесне името на еден од тие филмски волшебници, кинематограферот Федон Папамихаил. Федон Папамихаил помладиот (Phedon Пapamichael Jr.) е роден во Атина во февруари 1962 година и со само 54 години има снимено 50-тина филмски наслови. Кога имал шест години неговото семејство се сели во САД, по покана на нивниот роднина, познатиот актер, режисер и продуцент Џон Касаветес (John Cassavetes). Неговиот татко (Phedon Papamichael) е познат филмски уметник и сценограф и соработува со Касаветес на неколку негови филмови како дизајнер на продукција. Германските корени на неговата мајка му овозможуваат да се врати во Европа и на Високата школа за уметност во Минхен да дипломира на отсекот за фотографија и за уметност во 1982 година. Посветеноста на фотографијата го враќа во САД и тој во 1983 година доаѓа во Њујорк како фоторепортер, а потоа и во Лос Анџелес каде што комплетно се посветува на кинематограферската професија и со Roger Corman во следните две години ќе сними седум филма. Првата филмска награда за најдобра фотографија ја добива на Cork Film Festival во Ирска за краткиот црно-бел филм снимен на 35мм „SPUD“. Негов прв целовечерен филм како директор на фотографија е тин - ејџ хоророт „Танц на проколнатите“ во 1988/89 година со режисерката Katt Shea, со која го работи и филмот „Отровната Ајви“ во 1992 година, драма трилерот со тогаш младата и талентирана Drew Barrymore, која пак истата година ја ангажира во своето режисерско деби, ТВ филмот „Цртач на фоторобот- профилер“ („Sketch Artist“). Две години подоцна Папамихаил ја режира романтичната трилер драма „Темната страна на генијот“ („Dark Side of Genius”), каде што создава атмосфера на блискост и на отуѓеност во истовреме, сликарот и неговата мрачна илузија и прекрасниот женски акт на моделот и нејзината лежерна убавина. Во неговиот следен режисерски зафат “From Within” Папамихаил Јуниор спротивставува два света фатени во костец, светот во исчекување на темните сили и светот во сонливото спокојство во еден мал град во Мериленд. Лико-

вите се со интенција не до крај дефинирани, затоа и загадочноста на дирекцијата на дејството е поголема. Овој филм својата премиера ја имаше на Tribeca Film Festival во 2008 година. Неговите режисерски зафати “Arcadia Lost”, 2009, „Lost Angeles“ 2012, ќе го осведочат Федон Папамихаил за посакуван соработник дури и кај најпребирливите режисерски имиња. Потсетувајќи се на опусот на овој плоден филмски уметник забележуваме дека тој одважно влегува во проекти од различен филмски жанр, од биопик стории, хорор драми, романтични трилери, историски спектакли, се до филмската комедија, потценуван, но не и помалку лесен за реализација жанр, бидејќи, ќе признаете да се долови насмевката кај публиката станува се потешко. Во поголем број од неговите филмови комедијата се користи како контрапункт при навлегување во љубовни драми и мелодрами, социјални драми и сериозни општествени теми, хуморот како мала воздишка од полудениот свет, во моменти на болка, грижа и страв. Од оваа констатација отскокнува начинот на третирање на хуморот во филмот „Лов на глушец“ (Mouse Hunt, d.Gore Verbinski, 1997), каде што Папамихаил со камерата создава атмосфера на магичен реализам. Просторот, лицата, ситуациите се толку умешно одблизу зумирани што на моменти се создава привид на виртуелна реалност. Сигурна сум дека неговиот гафер добил обемни обврски од Федон додека го работеле овој филм.

Влегувајќи во голем број комплицирани филмски проекти, со режисери како Alexander Payne, George Clooney, Gore Verbinski, Brad Silberling, John Turteltaub, Oliver Stone, Nick Cassavetes, James Mangold, Diane Keaton и други, Федон Папамихаил стрпливо, но со голема посветеност го гради својот препознатлив кинематограферски сензибилитет. Со подвижната слика како неминовно опкружување од детството, тој ги создава и своите лични визуелни аналогии, кои ќе се придвижуваат со варијабилно вивид темпо во секој негов филм: животот однатре, бурата што не ја гледаме, дождот што не го слушаме. Тој создава визуелна енергија во големите филмски хитови како „The Descendants“, „Identity“, „Walk the Line", „Moonlight Mile”, „The Ides of March”, „While you were Sleeping”, и во многу други. Она што зборовите и дијалозите не можат да го искажат, тоа Федон Папамихаил помладиот, ни го приближува со најсоодветниот филмски клуч, моќен да отвори и затвори многу трансцедентни порти: камерата. Неговото око е релевантен посредник меѓу нас и тоа таму, можеби невидливо, но е силно присутно. Тој е секогаш цврсто врзан со она зад ликот на актерот, неговиот интимен свет, затоа и толку внимава во изборот на светлото во крупните кадри и на ентериерите кога меѓу актерите има малку дијалог или, пак, воопшто го нема. Во неговата филмска фотографија, сторијата е само една изградена ситуација, која тој ја претвора во повеќеслојна визуелна емоција. Ликовите на актерите како визура се неговата „мапа“, додека скриеното богатство Папамихаил го бара длабоко во нивните погледи, поткревањето на веѓата, благото искривување на усната, привидното и ненадејно подотворање на усните, трепнувањето, вовлекувањето на брадата кон телото. Кон сите овие краткотрајни движења камерата/окото на Федон како фотоќелија реагира и ни пренесува вистинска



информација за неочекуваното во филмската нарација. Тој ги остава сите овие природни човечки гестови да го исполнат неговиот кадар и да ни ја „пратат“ посакуваната и однапред подготвена филмска мисија до нашите сетила. Импровизациите и непосредноста се главен дел од неговата тајна формула при соработката и со најголемите актерски имиња како Брус Дерн, Роберт Дувал, Дастин Хофман, Питер Фонда, Џорџ Клуни, Бо Бриџес, Џон Траволта, Џина Роулинг, Сузан Сарандон, Енди Мек Дауел, Николас Кејџ, Расел Кроу, Том Круз, Камерон Дијаз, Мариса Томеи, Хоакин Феникс, Рис Витерспун, Кристијан Беил... Тој е член на Американската асоцијација на кинематограферите (ASC) од 2000 година.
Филмот е често постварен од стварноста - и тоа фасцинира, интригира. Тоа ни го доловува камерата на Папамихаил,  она што мошне често го одминуваме, го игнорираме, не го препознаваме, а е толку важно за сите нас: емоцијата како моќен катализатор на безброј решенија и причина за безброј порази. Тој како студент е привлечен од италијанскиот неореализам, францускиот нов бран и необичната филмска естетика на Антониони, ефектот на самоизолацијата во филмовите на Вим Вендерс, но и американскиот вестерн. Би рекле многу различни филмски школи го фасцинирале, а сепак го постигнале ефектот во изградувањето на Папамихаил како извонреден филмски креативец. Велат внимавај што посакуваш, бидејќи во случајот со Федон Папамихаил, тоа навистина се остварува. Тој соработува со големиот Вендерс на романтичната меланхолична драма „Хотел од милион долари“ („The Million Dollars Hotel“, 2000), каде што уште со првиот кадар ни ја навестува фрагилната човекова природа, симболично поставена како безброј мали топли светилки наспроти импозантните архитектонски градби на цивилизацијата, воздигнати во сребрено сината филмска гама. Преку забавената сцена на насмеаното лице на Том Том при затрчувањето пред скокот од врвот на хотелскиот покрив (Jeremy Davies), додека само несвесно среќно замавнува за поздрав, преку љубовната сцена на креветот во трошната одаја со огреаните лица на Мила Јовович и на Џереми Дејвис, Федон не носи во просторите на сите оние што молкума страдаат пред нашите очи, на свесното и несвесното, кои, според наракцијата имаат свое место во одлуките што ги носиме секојдневно, осамени, па дури можеби и среќни во таа осаменост, оставени, запоставени, со сите, а сепак сами. Оваа темна љубовна драма ја доби Сребре-





ната мечка на главното жири на Филмскиот фестивал во Берлин истата година, а 2000 година за Федон Папамихаил како кинематографер е особено значајна. Тој соработува со најнаградуваната грузиска режисерка Нана Џорџase (Nana Jorjadze), како кинематографер на филмот „27 Изгубени бакнежи“ („27 Missing Kisses“), со кој беше отворена секцијата Directors Forthnight на Фестивалот во Кан 2000 година. За кинематографијата на овој филм тој е добитник на наградата Prix Vision  за најдобар филм на Фестивалот во Авињон. На овој филм Федон соработува и со својот татко, кој е дизајнер на продукцијата. Неговата фасцинација со вестернот и улогата на камерата во филмот „3:10 за Јума“ (“3:10 to Juma” d.James Mangold, 2007) се во заемна комплементарност. Во овој филм фотографијата на Папамихаил е атрактивна, молскавична и напати комплексна, и создава илузија како да е еден од актерите, како совеста на Кроу или сомничавоста на Беил. Екстериерот и ентериерот се толку компатибилни како да се извлечени од 35мм лента на добрите стари класични вестерни, имајќи предвид дека филмот е римејк во едно современо продукциско пакување.

За своите креации во филмската фотографија Федон Папамихаил е добитник на голем број награди, но секако најзначајна е неговата номинација за Оскар за најдобра фотографија за филмот „Небраска“ (“Nebraska” d. Alexander Payne, 2013). Овој филм  е црно-бела елегична драма наизглед едноставна, но особено силна поради емоциите потиснати и премолчено заробени некаде длабоко во сите протагонисти во сторијата, но не и заборавени. Приказна за отуѓеноста на членовите на едно типично американско семејство, чии



поместувања од комфорната летаргија ги поткрева ненадејната опсесија на најстариот член од семејството да тргне на пат за да ја подигне наградата, за која верува дека е негова. Во овој восклик за внимание Вуди (Брус Дерн), треба да помине низ своето родно место, каде што поголем дел од неговата фамилија се уште живее, таму каде што треба да изгледа дека нешто постигнал во животот, изворот на сите радости и таги од неговото детство и од неговата младост. Конечното запознавање меѓу таткото и синот и нивното патување до корените на недоразбирањата и по нив, се само некои од емоциите кои Федон Папамихаил и Александар Пејн ни ги нудат во овој извонреден филм. Отуѓеноста, изолацијата на повозрасните, празните улици, прекрасните пејзажи на американскиот среден запад се атмосферата со која Папамихаил ни го судрува нашиот поглед. Кадарот кога Вуди со новиот камионет вози по главната, широка и безмалу празна улица од градот и ги одминува сите оние што ги чува во своето срце, неговиот брат, неговата драга од младоста, неговиот пријател е филмска ономатопеја на еден цел живот, последниот поздрав на еден горделив старец со срце кое се уште посакува и пожелува. Тивкото спокојство што се лизга од камерата на Папамихаил дејствува како утеха во тие широки, бескрајни, нестварни простори, дека и после се, тука е семејството, какво и да е, тука е. „Небраска“ ќе остане антологиска сага за премолчаното присуство на суровоста на вистината, но и филм за виталноста на емоциите, желбите без разлика на истрошеноста на телото кое ги носи. Федон Папамихаил помладиот не го доби Оскарот, но со филмските остварувања зад себе како „Phenomenon“, „America`s Sweethearts“, „Sideways“, „Walk the Line“, „The Weather Man“, „The Monuments Men“.. го има местото во нашите срца како филмски уметник над минливоста. Идејата за елементарното е поврзана со луѓето, со сонцето, со водата и се околу нив, просторите, пејзажите, а филмовите на Федон Папамихаил помладиот се токму тоа, потрагата во себе, суштината на животот.
Тој својата Аркадија одамна ја има најдено во своето Леонидио, крај мистичните води од светата планина Парнонас.

Добредојдовте во Битола драг Федон!

**Гена Теодосиевска**
**Филмски критичар**

## THE WINNER OF THE SPECIAL AWARD "GOLDEN CAMERA 300" FOR OUTSTANDING CONTRIBUTION TO WORLD CINEMA ART AT THE 37TH EDITION OF THE INTERNATIONAL CINEMATOGRAPHERS' FILM FESTIVAL MANAKI BROTHERS IS THE AMERICAN CINEMATOGRAPHER AND DIRECTOR OF GREEK ORIGIN - PHEDON PAPAMICHAEL

Writing about an artist is like solving a rebus, most of the letters of the syllable are there, yet everything is uncertain when you start heading to where the flashbacks connecting you to them, to their work, take you; especially when it comes to directors of photography, cinematographers. Their skill and knowledge about the overall process of conducting an entire film production are particularly relevant, which is why every director is more than picky when choosing his/her right hand. Cinematographers are always in the background, often imperceptible, but with a clear vision of what is going on in front of their camera. They are the immediate mediators of the magic on the silver screen in anticipation of the silent, intimate half-dark to our own "place where we can feel the butterflies fluttering their wings". Whole worlds depend on those flutters. It is an honor that in our small, yet select world of the "Manaki Brothers" Festival, the name of one of those wizards of cinema, Phedon Papamichael will shine its light. Phedon Papamichael Jr. was born in Athens, in February 1962 and at the age of 54 he has already shot nearly 50 feature films. When he was six years old, his family moved to the USA, at the invitation of their relative, the famous actor, director and producer, John Cassavetes. His father Phedon Papamichael is a famous filmmaker and set designer and has collaborated with Cassavetes on a few of his films as a production designer. His mother's German roots make it possible for Phedon to go back to Europe and graduate from the Photography and Art Department at the Munich University in 1982. His interest in photography took him back to USA and in 1983 he came to New York as a photojournalist, and then to Los Angeles where he completely devoted himself to the craft of cinematography and shot seven films with Roger Corman in the next two years. He won the first award for best photography at the Cork Film Festival in Ireland for the short black and white - SPUD, shot on 35mm film. His first feature film as a cinematographer was the teen-age horror Dance of the Damned in 1988/89 by director Katt Shea with whom he also worked on Poison Ivy in 1992, the drama-thriller with the then young and promising Drew Barrymore, whom he hired the next year as the lead actress for his directorial debut Sketch Artist. Two years later Papamichael directed the romantic thriller drama The Dark Side of Genius where he created an atmosphere of intimacy and alienation at the same time; the painter and his dark illusion and the enticing female nude of the model and her leisurely beauty. In his next directorial endeavor, From Within, Papamichael Junior juxtaposed two worlds caught in a grip, the world anticipating the dark forces and the world of the drowsy tranquility of a small Maryland town. The characters were intentionally not fully defined, which increased the enigmatic direction of the plot. This film had its premiere at the Tribeca Film Festival in 2008. His directorial endeavors Arcadia Lost, 2009 and Lost Angeles, 2012 established him as desirable collaborator, even for the most fastidious directors. While browsing through the output of this prolific filmmaker, we can notice that he self-assuredly steps into projects in various genres, starting from biopic stories, horror drama, romantic thrillers, all the way to film comedy - an underestimated, yet not lesser genre, as, one must admit, putting a smile on the audience faces is becoming increasingly harder. In many of his films, comedy is used as a counterpoint against the romantic love and melodrama, the social drama, as well as serious social issues. Humor as a comic relief from the world gone crazy, in moments of pain, concern and fear. The exception to this attitude towards humor is the film MouseHunt, d. Gore Verbinski, 1997 where

Papamichael uses his camera to create an atmosphere of magic realism. The spaces, faces, situations are so skillfully zoomed in, that at times we get an impression of virtual reality. I am certain that his gaffer was given a lot of work under Phedon's instructions during the filming.

By working on large number of complex film projects, with directors such as Alexander Payne, George Clooney, Gore Verbinski, Brad Silberling, John Turteltaub, Oliver Stone, Nick Cassavetes, James Mangold, Diane Keaton, etc, Phedon Papamichael has patiently, yet very dedicatedly built his recognizable cinematographic sensibility. With motion pictures as an inevitable surrounding since his childhood, he creates his personal visual analogies which move at a variable vivid tempo in each of his films: the life inside, the silent storm we don't see, the rain we don't hear. He creates visual energy in the blockbusters such as The Descendants, Identity, Walk the Line, Moonlight Mile, The Ides of March, While you were Sleeping and many others. What words and dialogues fail to express is presented to us by Phedon Papamichel with the most adequate cinema key, powerful enough to open and close many gates: the camera. His eye is the relevant mediator between us and the things beyond, which may be invisible, but are overwhelmingly present. He is always tightly focused on what is behind the actor's face, his/her intimate world, that is why he is so adamant about the selection of light in the close-ups and interiors when there is very little dialogue among the characters, or none at all. In his film photography, the plotline is an additional aspect which he turns into a multilayer visual emotion. The characters of the actors are like etchings on his map, and Papamichael hunts for the hidden treasure deep in their eyes, in the raised eyebrows, in the twitch of the lips, in the sudden pout of the mouth, the blink, the chin drawn down to the chest. All of these small twitches are caught by Phedon's camera/eye and he conveys the real information about the unexpected in the film narration. He leaves all of these natural human gestures take over the frame and "send" us the desired and ready-made mission to our senses. Improvisation and immediacy are the main ingredients of his secret formula when working with some of the greatest actors, such as Bruce Dern, Robert Duvall, Dustin Hoffman, Peter Fonda, George Clooney, Bo Bridges, John Travolta, Gena Rowlands, Susan Sarandon, Andie MacDowell, Nicolas Cage, Russell Crowe, Tom Cruise, Cameron Diaz, Marisa Tomei, Joaquín Rafael Phoenix, Reese Witherspoon, Christian Bale... He has been a member of the American Society of Cinematographers since 2000.

Cinema is often more real than reality and this fact is fascinating, intriguing. This is what Papamichael's camera captures, what we very often pass by, ignore or do not recognize, although it is of great importance for any of us: emotion as a powerful catalyst of a myriad of solutions and the reason for endless defeats.

As a student he was drawn to Italian Neo-realism, the French New Wave and Antonioni's unusual aesthetics, the effect of self-alienation Wim Wenders' films, his favourite - Paris, Texas, as well as the American western movies. It is apparent that he was fascinated by a lot of various film schools, which led to him becoming an exceptional filmmaker. They say, be careful what you wish for, and in Phedon Papamichael's case, it really comes true. He has worked with the great Wenders on the romantic melancholic drama The Million Dollar Hotel, 2000, where from the very first frame he foreshadows the fragility of human nature, symbolically represented as a myriad of shimmering lights opposed to the imposing architectural buildings of our civilization, erected towards the bluish-silver film gamma. Through the slow motion scene focused on Tom Tom's smiling face before he runs to jump from the top of the hotel roof (Jeremy Davies), while he only unconsciously waves goodbye, to the love scene on the bed in the dilapidated room with Mila Jovovich and Jeremy Davies's shining faces. Phedon takes us to the chambers of all those who silently suffer before our eyes, the conscious and unconscious thoughts, which according to the narration, find their way into the every-day decisions we make, lonely, and even maybe happy in this loneli-

ness, abandoned, neglected, together with everyone, yet alone. This dark love drama won the Silver Bear of the Main Jury at the Film Festival in Berlin that same year. 2000 was an exceptionally important year for Phedon Papamichael as a cinematographer. He has worked with the award-winning Georgian director Nana Jorjadze as a cinematographer in the film 27 missing kisses, which opened the selection of Directors' Fortnight in Cannes in 2000. He won the Prix Vision Award for the cinematography of this film at the Film Festival in Avignon. On this film Phedon also collaborated with his father, who was the production designer. His fascination with western movies and the role of the camera in the film 3:10 to Yuma, (d. James Mangold, 2007) are mutually complementary. In this film, Papamichael's photography is attractive, thunderous and complex at times, and it also creates the illusion of being one of the actors, Crow's consciousness, or Bale's suspiciousness. The exterior and interior are so compatible, as if they had been taken straight out of the 35mm from the good old classic westerns, which is especially important since the film is a remake in a modern production package.

For his creations in film photography, Phedon Papamichael has won a multitude of awards, led by his Academy Award nomination for best photography for the film Nebraska directed by Alexander Payne, 2013. This film is a black and white elegy, seemingly simple, yet deeply complex due to the subdued emotions silently locked up somewhere deep in all the protagonists, but not forgotten. It is a story about the alienation of the members of a typical American family which is shaken up from its comfortable lethargy by the sudden obsession of the oldest family member with the trip and award he believes belongs to him. In his call for attention, Woody, (Bruce Dern), goes back to his birthplace where most of the members of his family still live, the place where he wants to leave the impression that he done something with his life, the source of all the joys and sorrows from his childhood and youth. Finally the moment when the son and father finally get to know each other and their trip down to the roots of the misunderstandings and beyond, are only some of the emotions that Phedon Papamichael and Alexander Payne offer in this exceptional movie. The alienation, isolation of the elderly, the empty streets, wonderful landscapes of the American Midwest are the atmosphere that Papamichael unfolds before our gaze. The frame when Woody drives his truck down the main, wide and nearly empty street in the city and passes by all those people that he still has a place for in his heart - his brother, his high-school sweetheart and his friend, is a cinematic onomatopoeia of a whole life, the last goodbye of a vain old man whose heart still longs and desires. The quiet serenity sliding off Papamichael's camera comes as comfort in those wide, endless and unreal spaces, assuring that, after all, family is here, as imperfect as it may be. Nebraska will remain an anthological saga about the untold presence of the cruelty of truth, as well as a film about the vitality of emotion and desire, despite the worn-out body they reside in. Phedon Papamichael Jr. did not win the Oscar, but by signing such films as Phenomenon, America's Sweethearts, Sideways, Walk the Line, The Weather Man, The Monuments Men he holds a place in our hearts as a film artist beyond transiency. The idea of the essential is related to the people, to the sun, to the water and everything around them, the spaces, landscapes, and Phedon Papamichael's films are exactly that, a quest for oneself, the essence of life.
He found his own Arcadia in his Leonidio, near the mystic waters of the holy mount Parnonas a long time ago.

Welcome to Bitola, dear Phedon!

**Gena Teodosievska**
**Film critic**

THE LAUREATE OF “THE BIG STAR”,
AWARD BY THE MFPA/MACEDONIAN FILM
PROFESSIONALS ASSOCIATION, IS THE
WORLD-RENOWNED BRITISH PRODUCER
**SIMON PERRY**



## ЛАУРЕАТ НА „ГОЛЕМАТА ЅВЕЗДА“, ШТО ЈА ДОДЕЛУВА ДРУШТВОТО НА ФИЛМСКИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ НА МАКЕДОНИЈА, Е СВЕТСКИ ПОЗНАТИОТ БРИТАНСКИ ПРОДУЦЕНТ:

## САЈМОН ПЕРИ

Сите десет документарни наслови го содржат режисерскиот концепт на ангажираност, кој антиципира присутност на актуелниот момент во постоењето на акцијата и на немирот на протагонистите. Документарците на Арто Халонен од Финска и Андреас Коефојд од Данска ни ги откриваат тагите на најмладата популација, за децата на различни меридијани, нивните несреќи и таги, оние што се во своите топли домови, а не го чувствуваат тоа и оние кои и самите не знаат каде се. Апсурдноста на ситуацијата и смелите и навидум луди решенија на оставените сами на себе работници е темата на необичниот документарец на грчкиот режисер Апостолос Каракасис, такви храбри одлуки донесуваат и протагонистите на филмот, кој на нашиот фестивал ќе ја има својата интернационална премиера, а реализиран е од Јарден Кармин од Израел. Овие филмови ни ги предочуваат најголемите човечки несреќи, а притоа ни ја откриваат и благородната човекова природа. Пред апокалиптичните слики на цивилизацијата на австрискиот режисер Николаус Геирхалтер остануваме вџашени, пред тенковите и цвеќињата на Украинките Алиса Коваленко и Љубов Дуракова ја славиме слабоста што ја „емитува“ љубовниот неспокој, а наместо воените зони и непредвидливите бркотници по правливите улици „трасирани“ од пците на војните, Сјорс Свиестра се „свива“ во литературата и во убавините на малите нешта, најголемите човекови заблуди и љубови. Словенецот Жига Вирц не враќа во едно наше контроверзно минато и со својата најнова документарна сторија, која тој повеќе сака да функционира како мит отколку како факти, интригира илјадници гледачи во фестивалските сали, додека пак младата германска авторка Јулијане Хенрих, преку интроспекција, есеистички го поставува прашањето што во поширока општесвена и естетска смисла значи Западот како концепт, како архитектонски ритам, како начин на живот...

Како новата културолошка мисла го третира моментот на обземениот од визулената сензација гледач, како се третира таа специфична кинопублика? Во својот најнов документарец, Португалецот Едгар Пера ни нуди неколку гледишта, размислувања на повеќемина, кои ја опсервираат оваа со децении рецентна појава и феномен за филмската кинопублика.

Сите ние заедно во киносалите, создаваме слики за иднината, колку и да се пријатни, или колку и да се грди, тие се наши слики и треба да научиме да ги чуваме, бидејќи тие се нашите најголеми заблуди и нашите најголеми љубови. Дали сме подготвени почесто да погледнеме во нашата темнина?

Еден голем кинематографер вели - „Темното е отсуство на светлината“, така е и во идејата на авторите на овие десет саги на актуелните збиднувања во оваа мала, а за сите нас толку важна точка на бескрајот, во Битола.

**Гена Теодосиевска**
**селектор**

## INEVITABLE PRESENCE

They say that every book is unconsciously designed for a single reader, but is every documentary ever created and unconsciously designed for a single viewer?

Maybe, but even if it is so, would that be unusual?

There is always at least one viewer in the shimmering dark who can completely submerge him/herself in the story, in the protagonist, without anyone else knowing it, not even the loved ones. Maybe even this viewer had

not been aware of this resemblance and is astonished that someone else, some thousands kilometers away, some stranger, and at the same time friend, speaks the same thoughts, sheds the same tears, burst out laughing with the same voice or calls for help - silently. It may have like this forever, but cinema only serves to certify the presumptions that we all have our like-minds, doppelgangers, fellow-mourners.

We sometimes deliberately "install" our emotions as a "package in exile" and leave them inactive, untouched, we wait for their time to come, for them to ripen, we let them speak without saying a word. Such are the films that I very carefully selected for this 37 edition of the ICFF "Manaki Brothers", with all those big, small and strong people, with their every-day needs, wishes, messages, all their secret space populated only by them.

All ten documentary titles contain the directorial concept of engagement, which anticipates involvement with the actual state of things in the plotline, coupled with the restlessness of the protagonists. The documentaries by Arto Halonen from Finland and Andreas Koefoed from Denmark unveil the sorrows of the youngest population, children from various meridians, their sorrows and heartbreaks, those who have a roof over their head, but don't feel at home, and those who don't know where they are themselves. The absurdity of the situation and the bold, even seemingly crazy solutions of the workers who take things in their own hands is the topic of the unusual documentary by the Greek director Apostolos Karakasis. Similarly, the protagonists of the film that will have its international premiere at our festival, the work of Yarden Karmin from Israel, also make incredibly brave decisions. These films paint some of the greatest human misfortunes before our eyes, at the same time revealing the noble side of human nature.

We are left astounded before the apocalyptic images of our civilization by Austrian director Nikolaus Geyrhalter, before the tanks and flowers by Ukrainian Alisa Kovalenko and Liubov Durakova we celebrate the weakness "radiated" by the turmoil of love, and replacing the military zones and the unpredictable chases down dusty roads, "traced out" by the war dogs, Sjors Swierstra "wraps" himself with literature and the beauty of the little things, the biggest human delusions and loves. Slovenian Ziga Virc takes us back to our controversial past, and with his latest documentary story, which he'd rather have function as a myth than a fact, he intrigues thousands of viewers in the festival halls, while the young German author, Juliane Henrich, critically raises the question of what "the West" means as a concept in a broader social and aesthetic sense, as an architectural rhythm, as a way of life, by means of introspection.

How do the new cultural concepts treat the phenomenon of the spectator consumed by the visual sensation, how is this specific cinema-audience treated? In his latest documentary, Portuguese Edgar Pera offers several points of view, several opinions observing this recent phenomenon typical of the cinema audiences.

All of them are among us in the cinema theaters, we create images for the future, and regardless of how pleasant of how ugly they are, they are our images and we have to learn how to preserve them, because they are our greatest delusions and our greatest loves. Are we ready to take a peek into our darkness more often?

One great cinematographer has said - "Darkness is the absence of light" - this also reflects the idea of the authors of these ten sagas about burning issues in this small, yet so important to us all, point in the universe, in Bitola.

**Gena Teodosievska**
**Selector**




**СВЕТОТ СПОРЕД МОНСИР КИАР/ THE WORLD ACCORDING TO MONSIEUR KHIAR**
**Холандија/ 2015/ документарен/ 55'**
**Netherlands/ 2015/ Documentary/ 55'**

**Реализација/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** Sjors Swierstra
**Сценарио/ Scr.:** Sjors Swierstra
**Камера/ Cinematographer:** Erik van Empel
**Улоги/ Cast:** Jeroen Robert Kramer, Johan Leysen

**СОДРЖИНА:**
После десет години работа во воени зони, фотограф на документарни фотографии за Њујорк тајмс и за Венити феар, Холанѓанецот Јероен Роберт Крамер решава да почне нов живот како уметник во Либан. Во неговиот роден град Бејрут тој го запознава Монсир Киар, постар господин во кого препознава подобра верзија од себе. „Киар е херојот што јас не можев да бидам. Тој е највпечатливиот човек што сум го сретнал во животот“ – вели Крамер. Нивните прошетки низ старите соседства на Бејрут, разговорите за уметноста, книжевноста и за убавината на малите нешта стануваат извор на инспирација за Крамер. Тој се уште чувствува срам и каење затоа што фотографирал луѓе во најлошите моменти од нивниот живот, без да праша за дозвола. Наместо да се фокусира на спектакуларното, денес Крамер се обидува да раскаже секојдневна приказна - таква што ќе може да му помогне да ги претвори лузните од минатото во уметничко дело. Со оглед на тоа што Монсир Киар одбива да го фотографираат, фасцинацијата на Крамер се претвора во опсесија.

**STORY:**
After ten years of working in war zones as a documentary photographer for the New York Times and Vanity Fair, the Dutchman Jeroen Robert Kramer decided to start a new life as an artist in Lebanon. In his hometown of Beirut, he meets Monsieur Khiar, an elderly gentleman in whom he recognizes a better version of himself. “Khiar is the hero I could never be,” Kramer states. “He is the most impressive person I’ve ever met in my life.” Their walks through the old neighborhoods of Beirut, their talks about art, literature and the beauty of small things become a source of inspiration for Kramer. He still feels shame and remorse about photographing people in the worst moments of their lives, without asking their permission. Instead of focusing on the spectacular, Kramer is now attempting to tell an everyday story – one that can help him transform the scars of his past into a work of art. As Monsieur Khiar refuses to be photographed, Kramer’s fascination turns into an obsession.

**АЛИСА ВО ЗЕМЈАТА НА ВОЈНАТА / ALISA IN WARLAND**
**Полска / 2015 / документарен / 74'**
**Poland / 2015/ Documentary/ 74'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/ Directors:** Alisa Kovalenko, Liubov Durakova
**Сценарио/ Scr.:** Liubov Durakova, Alisa Kovalenko
**Камера/ Cinematographers:** Liubov Durakova, Alisa Kovalenko

**СОДРЖИНА:**
Алиса е 26-годишна студентка во филмската академија во Киев. Нејзиниот живот е горе-долу нормален до денот кога претседателот Виктор Јануковиќ не решава да го потпише Договорот за асоцијација помеѓу ЕУ и Украина. Одеднаш се се менува: во главниот град избиваат протести, а жителите бараат оставка од претседателот. Алиса ги сведочи протестите и тргнува на пат низ Украина во обид да ја разбере војната. Нејзиното патешествие ја носи во источниот дел на земјата, каде повторно се среќава со демонстрации, но овој пат од проруски карактер. По патот наидува на престрелки, експлозии и на растечки последици од војната за луѓето во нејзината земја. Во голема мера против нејзина волја, Алиса покасно бидува лично вмешана во војната, кога сепаратистите ја апсат за шпионажа. Ризиците што ги презема, исто така, ја загрозуваат и нејзината романтична врска со француски новинар. Овој бескомпромисен автопортрет ни покажува една чувствителна, загрижена жена во потрега по одговори. Директната камера, често од рака, ја доловува Украина на почетокот на протестите, за време на тензиите што избувнуваа меѓу различните групи население.

**STORY:**
Alisa is a 26-year-old student at the film academy in Kiev. Her life is pretty normal until the day that President Viktor Yanukovych refuses to sign the EU-Ukraine Association Agreement. Suddenly, everything changes: protests erupt in the capital, with the inhabitants demanding the president's resignation. Alisa witnesses the demonstrations and embarks on a trip through Ukraine in an attempt to understand the war. Her journey takes her to the east of the country, where she comes across demonstrations again, this time of a pro-Russian character. Along the way, she faces shootings, explosions and the searing consequences of the war for the people of her country. Very much against her will, Alisa is then personally caught up in the war when she is arrested by separatists for spying. The risks she is taking also jeopardize her romantic relationship with a French journalist. This candid self-portrait shows us a sensitive, concerned woman in search of answers. The direct, often handheld camerawork gives us an impression of Ukraine in the wake of the protests and of the tensions that arose among the various population groups.



**ДОМА ВО СВЕТОТ/**
**AT HOME IN THE WORLD**
**Данска / 2015 /**
**документарен / 58'**
**Denmark / 2015/**
**Documentary/ 58’**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Andreas Koefoed
**Сценарио/Scr.:** Andreas Koefoed
**Камера/Cinematographers:**
Sophia Olsson, Niels Thastum

**СОДРЖИНА:**
Во училишниот двор, Магомед тивко гледа од маргините како неговите соученици се тепаат за фудбалската топка. Срамежливото, замислено момче не е поинакво ни во училницата каде учи дански - целосно сконцентриран. Десетгодишниот чеченски бегалец и неговите соученици во училиштето на Црвениот крст во данскиот град Линг се надеваат на добивање дозвола за престој. Овој опсервативен, поетичен документарен филм го следи класот на Магомед додека пеат, сликаат, играат и се караат, исто како кои било деца, во кое било училиште. Разликата е што овие деца ги носат своите болни спомени. Меѓу нив е Али од Авганистан, кој е, како и неговиот истрауматизиран татко, прогонуван од кошмари. Тука е и Амел, кому му недостигаат пријателите од Босна, како и Чеченката по име Хеда која се подготвува за возбудливото префрлање во редовно училиште со помош на нејзината посветена учителка. Истата учителка смета дека Магомед е многу бистар и дека е подготвен да го направи истиот чекор, но Магомед се двоуми. Разговорот меѓу учителката и неговиот татко открива дека не само што момчето го прогонува трауматично сеќавање, туку и застрашувачката можност татко му да не може да остане во Данска.

**STORY:**
In the schoolyard, Magomed quietly watches from the sidelines as his classmates fight over the soccer ball. The shy, pensive boy is no different in the classroom, where he studies Danish with full concentration. The 10-year-old Chechnyan refugee and his fellow classmates at the Red Cross school in the Danish town of Lynge are hoping to get a residence permit. This observational, poetic documentary follows Magomed’s class as they sing, do arts and crafts, play and argue, just like kids do at any other school. The difference is that these children all bear their own painful memories. Among them is Ali from Afghanistan, who, like his traumatized father, is plagued by nightmares. There’s restless Amel, who misses his friends back in Bosnia, and a Chechnyan named Heda who’s preparing for the exciting transition into a regular school with the help of her dedicated teacher. This same teacher believes that Magomed is very bright and is ready to take that step as well, but Magomed is hesitant. A conversation between the teacher and his father reveals that the boy isn’t only haunted by a traumatic memory, but also faces the frightening prospect of his dad not being able to stay in Denmark.

**БЕЛ БЕС / WHITE RAGE**
**Финска / 2015 / документарен / 75'**
**Finland / 2015/ Documentary/ 75'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Arto Halonen
**Сценарио/Scr.:** Arto Halonen, Katri Merikallio
**Камера/Cinematographers:** Peter Flinckenberg, Mika Orasmaa
**Улоги/Cast:** Lauri, Miro Makela, Linus Tuomenvirta

**СОДРЖИНА:**
Лаури, а преку него и приказната за другите жртви на училишно изживување и издвоена траума од детството: жртви полни со бел бес, што може да доведе до училишни престрелки.

**ST :**
Lauri, and through him also the story of other victims of school bullying and a separate childhood trauma: victims full of white rage, which may lead to school shootings.



**ПРИКАЗНА ВО ТРЕТО ЛИЦЕ / A STORY IN THIRD PERSON**
**Израел / 2016 / документарен / 74'**
**Israel / 2016 / Documentary/ 74'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Yarden Karmin
**Сценарио/Scr.:** Yarden Karmin
**Камера/Cinematographer:** Yarden Karmin

**СОДРЖИНА:**
Омаж од една ќерка за својата мајка, која против своја волја станала хероина во времето на Холокаустот. Зузи Браун и нејзината сестра Аги биле среќни, безбедни тинејџерки со многу силни врски, во Словачка во 30-тите години, кога целиот свет им се свртел наопаку. Ќерката на Зузи ја слави храброста и истрајноста на својата мајка додека патуваат заедно за да се навратат на стравичното патување на кое тргнала Зузи за да ја спаси својата осакатена сестра, но и себеси. Прекрасен и потресен омаж.

**STORY:**
A daughter's tribute to her mother, who against her will became a hero during the Holocaust.
Zuzi Braun and her sister Agi were happy, secure teenagers with a very strong connection, in Slovakia on the 1930's when their world turned upside down. Zuzi's daughter celebrates her mother's courage and perseverance as they travel together and retrace the harrowing journey that Zuzi took in order to save her crippled sister and herself. A beautiful and moving tribute.

**ОД ЗАПАДОТ /**
**FROM THE WEST**
**Германија / 2016 /**
**документарен / 61'**
**Germany / 2016 /**
**Documentary/ 61'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:**
Juliane Henrich
**Сценарио/Scr.:**
Juliane Henrich
**Камера/Cinematographer:**
Juliane Henrich

**СОДРЖИНА:**
Филмскиот есеј „Од западот“ се отвора со детското прашање за тоа што значи „западот“, освен правец во светот, па продолжува навраќајќи се на тоа како „западот“, како општествен модел, се втиснал во повоената историја и архитектура на Федерална Република Германија. Долги тотали од неидентификувани западногермански градови одат наизменично со снимки од ентериери од куќа што се чисти. Долги возења, по автопати, низ предградија и индустриски зони, напречни урбани растежи и градови кроени за автомобили во ритамот на апстрактна, блага музика, инспирирана од музиката за вечерни вести.
Во потрагата во филмот, нараторот наизменично контемплира за модерната атхитектура и за имотните односи, детално зборува за сцени од детството и за пренесено сеќавање за „обрабената Западна Германија“, сеќавајќи се на годините од 70-тите, кога родителите и биле членови на комунистичка фракција.

**STORY:**
The film essay "From the West" opens with a child’s question of what “the West” means beyond the cardinal direction, then goes on to retrace how “the West,” as a model of society, inscribed itself in the Federal Republic of Germany’s postwar history and architecture.Long pan shots through unidentified West German cities alternate with interior footage of a house being cleared out. Long drives – down highways, through suburbs and industrial zones – traverse urban sprawl and car-friendly cities to the rhythm of abstract, mellow music inspired by evening news theme tunes.
In the film’s searching movements, the narrator shifts among reflections on modern architecture and property relations, detailed scenes from childhood, and a passed-down memory of a “hemmed-in West Germany,” recalling the years of her parents’ membership in a 1970s communist splinter group.



**СЛЕДНА СТАНИЦА: УТОПИЈА/**
**NEXT STOP: UTOPIA**
**Грција / 2015 / документарен / 91'**
**Greece / 2015 / Documentary/ 91'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Apostolos Karakasis
**Сценарио/Scr.:** Apostolos Karakasis
**Камера/Cinematographer:** Apostolos Karakasis

**СОДРЖИНА:**

На 12 февруари 2013 година, во Солун група отпуштени работници од една фабрика, повторно го отвораат напуштениот погон. Тие почнуваат со производство на производи за чистење, врз основа на принципот дека е забранета каква било форма на хиерархија - сите се еднакви. Во присуство на медиумите, ова неовластено пуштање во употреба беше наречено Ден на окупација. Авторот Апостолос Каракасис одблизу ги следи овие настани, продолжувајќи со оваа мисија на солидарноста и на сувереноста во време на грчката финансиска криза. Макис Анагносту, нивниот елоквентен портпарол, тврди дека сопственичката на фабриката Кристина Филипу неколку пати била осудена за негрижа за компанијата. Од нејзината вила, Филипу, пак, тврди дека нивното користење на погоните за производство е противзаконско. Со цел да се отстрани постојаната закана од извршители и од доверители, Анагносту бара поддршка од истомислениците низ Европа. Стапуваат во контакт и со грчките политичари со надеж дека фабриката може да остане отворена. Но, сега, кога Анагносту е во центарот на вниманието, неговите колеги се плашат дека ќе стане инструмент на надворешна политика. Во меѓувреме, работниците во фабриката се прашуваат што ќе добијат од сето тоа. Дали нивниот сон за подобар свет ќе ја издржи суровата економска реалност?

**STORY:**

On February 12, 2013, a group of fired factory workers reopened their deserted workplace in Thessaloniki. They started a product line of cleaning products, based on the principle that any form of hierarchy was forbidden – everyone was equal. In the presence of the media, this unauthorized relaunch was named Day of the Occupation. Filmmaker Apostolos Karakasis follows these events closely, continuing to do so as the cooperation becomes the public face of solidarity and sovereignty during the Greek financial crisis. Makis Anagnostou, their eloquent spokesman, claims the factory owner, Christina Philippou, was convicted several times for company neglect. From her villa, Philippou in turn contends that their use of her production facilities is against the law. In order to keep the constant threat of administrators and creditors at bay, Anagnostou seeks support from likeminded people in Europe. They contact Greek politicians in the hope that the factory can stay open. But now that Anagnostou is in the spotlight, his colleagues fear that he'll become an instrument of foreign politics. Meanwhile, factory workers wonder what they're getting out of all this. Will their dreams of a better world withstand the harsh economic reality?

**ХОМО САПИЕНС / HOMO SAPIENS**
**Швајцарија, Германија, Австрија / 2016 / документарен / 94'**
**Switzerland, Germany, Austria / 2016/ Documentary/ 94'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Nikolaus Geyrhalter
**Сценарио/Scr.:** Nikolaus Geyrhalter
**Камера/Cinematographer:** Nikolaus Geyrhalter

**СОДРЖИНА:**
ХОМО САПИЕНС е филм за конечноста и за кревкоста на човековото постоење на крајот на индустриската ера и на она што значи да се биде човечко суштество. Што ќе остане од нашите животи откако ќе не снема? Празни простори, рушевини, градови обраснати со вегетација, трошен асфалт: областите што во моментов ги населуваме, иако човештвото исчезнало. Сега напуштени и во распаѓање, постепено проголтувани од природата, откако одамна биле одземени од неа. Хомо сапиенс е ода на човештвото, видено од можно идно сценарио.

**STORY:**
HOMO SAPIENS is a film about the finiteness and fragility of human existence and the end of the industrial age, and what it means to be a human being.What will remain of our lives after we're gone?Empty spaces, ruins, cities increasingly overgrown with vegetation, crumbling asphalt: the areas we currently inhabit, though humanity has disappeared. Now abandoned and decaying, gradually reclaimed by nature after being taken from it so long ago.Homo Sapiens is an ode to humanity as seen from a possible future scenario.



**ВЧУДОВИДЕНИОТ ГЛЕДАЧ/**
**THE AMAZED SPECTATOR**
**Португалија / 2016 /**
**документарен / 70'**
**Portugal / 2016 /**
**Documentary/ 70'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Edgar Pera
**Сценарио/Scr.:** Edgar Pera
**Улоги/Cast:** Miguel Borges, Paulo Borges, Keith Davis

**СОДРЖИНА:**
„Вчудовидениот гледач“ е киноистражување за гледателството, постојан разговор меѓу различните видови гледачи: Што е поавтентична кинематографија? - Граѓанинот Кејн на мобилен, или фудбалски натпревар проектиран во киносала? Што е кинематографија на неизвесноста? Колку видови вчудовиденост постојат? Дали стравот и вербата и претходат на вчудовиденоста? Кои се правата и должностите на гледачот? Дали филмот есеј е манифест против воајреизмот? Дали на гледачите треба да им се плаќа...

**STORY:**
“The Amazed Spectator” is a kino-investigation about spectatorship, a continuous conversation between different kinds of spectators: Which one is more cinema? – Citizen Kane on a mobile phone or a football game projected in a cinema theatre? What is the Cinema of Uncertainty? How many kinds of Amazement exist? Does Fear and Belief precede Amazement? What are the rights and duties of the Spectator? Is the Essay Film a manifesto against voyeurism? Should spectators be paid?...

**ХЈУСТОН, ИМАМЕ ПРОБЛЕМ/ HUSTON, WE HAVE A PROBLEM**
**Хрватска / Германија / Чешка / Катар / Словенија / 2016 / документарен / 88'**
**Croatia / Germany / Czech Republic / Quatar / Slovenia / 2016 / Documentary/ 88'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Ziga Virc
**Сценарио/Scr.:** Bostjan Virc, Ziga Virc
**Камера/Cinematographer:** Andrej Virc

**СОДРЖИНА:**
Студената војна, трката за вселената и слетувањето на Месечината од страна на НАСА се настани што одбележаа и дефинираа една ера. Но, исто така, се храна за теории на заговор. Во „Хјустон, имаме проблем!“, авторот Жига Вирц додава нов материјал на дискусијата на двата фронта. Овој интригантен доку-игран филм го истражува митот за тајната зделка вредна милијарди, што стои зад американското купување на југословенската тајна вселенска програма во раните 60-ти години.

**STORY:**
The cold war, the space race, and NASA's moon landing are landmark events that defined an era. But they are also fodder for conspiracy theories.In Houston, We Have a Problem! filmmakerŽigaVirc adds new material to the discussion on both fronts. This intriguing docu-fiction explores the myth of the secret multi-billion-dollar deal behind America's purchase of Yugoslavia's clandestine space program in the early 1960s.

EUROPIAN CINEMA PERSPECTIVES

## ПЕРСПЕКТИВИ НА ЕВРОПСКИОТ ФИЛМ

Со оваа нова/стара програма фактички ја потврдуваме нашата доследна ориентација и неизбежна свртеност кон европскиот филм, како богатство од културно-уметнички, јазичко-креативни различности, во единечните кинематографски искуства, но обединети во географската припадност на општиот феномен на европски филм, чии презентни искуства и перспективи ќе ги потврдуваме и истражуваме. Притоа, како комплементарна програма на Главната компетиција, во оваа програма ќе го негуваме рамноправниот однос и свртеност кон сите генерации на филмски творци од разни профили, но ќе им даваме мала предност и поддршка на помладите синеасти: сценаристи, режисери, кинематографери, актери, кои ќе го афирмираат покажаниот и докажан талент на секој од нив во креирањето на заедничкото филмско дело. Изборот за разновидни филмови од богатиот европски кинематографски простор се, како и секогаш, бројните европски фестивали од каде што со нашето присуство и соработка, оптимално се создаваат услови за поголем увид и побогат избор на најквалитетните филмски дела. Се разбира, притоа ќе развиваме и паралелни можности за поканување на повеќе млади синеасти, а не е далеку и идејата, во рамките на оваа програма и да конституираме и жири на интернационалната критика, паралелно и со жири на публиката.

Во годинешниот избор од над 20 филмови, нудиме богат и разновиден увид во она што е најкарактеристично и најинтересно од аспект на тематско-содржинските и креативните аспекти на европскиот современ филм од најновата продукција.

**Благоја Куновски - Доре**
**Гена Теодосиевска**

## EUROPEAN CINEMA PERSPECTIVES

With this new/old program we, in fact, reaffirm our consistent orientation and inevitable inclination towards European cinema, as a treasure of cultural, aesthetic, linguistic and creative versatility, in the separate cinematographic experiences, united in their geographical location as European cinema, whose immediate experiences and perspectives we affirm and explore. At the same time, as a complementary program to the Main Competition, in this program we shall also strive towards an equal balance and provide space to all the generations of filmmakers from various profiles, yet give slight advantage to younger cineastes: writers, directors, cinematographers, actors, who will uphold their tried-and-true individual talent in the joint creation of the film. The selection of various films from the versatile European cinematic space comes, as always, from the numerous European film festivals, where our presence and collaboration leads to optimal circumstances for increased insight and abundant selection of the highest quality cinema products. Certainly, this would simultaneously lead to developing possibilities to invite an increasing number of young cineastes, and we are not even very far off from the idea of establishing a jury of international film critics in this program, alongside the audience jury.

For this year's selection of over 20 film titles, we offer an ample and versatile insight into what is most typical in the focus of European filmmakers when it comes to the themes and creative aspects incorporated in the European modern cinema of the latest production.

**Blagoja Kunovski - Dore**
**Gena Teodosievska**



**ХЕЛИКОПТЕРОТ ЗАЃУБРЕ/THE GARBAGE HELICOPTER**
**Шведска / 2015/драма / 100'**
**Sweden/ 2015/Drama/ 100'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Jonas Selberg Augustsén
**Сценарио/Scr.:** Jonas Selberg Augustsén
**Камера/Cinematographer:** Anders Bohman
**Улоги/Cast:** Mikael Andrén, Josef Balok, Christopher Burjanski

**СОДРЖИНА:**
Некаде во Шведска, џиновски контејнер за ѓубре се ослободува од тешкиот синџир обесен на голем хеликоптер. Контејнерот паѓа не земја, а ѓубрето се распрснува насекаде во околината. Во меѓувреме, постара Ромка се буди со силна желба да си го најде стариот ѕиден часовник. Часовникот е оставен кај часовничар подолго од една година и сега жената интензивно чувствува дека треба да си го прибере дома. Таа се јавува кај едно од внучињата кое е на другиот крај на земјата, но свечено ветува дека ќе и го врати часовникот. После два дена, млади Роми влегуваат во автомобил за да го однесат ѕидниот часовник кај бабата која живее на 1.030 километри јужно од нив. Почнува чудно патување низ долгите, кривулести шведски автопати, кое се покажува како многу интересно, иако започнато со тривијална цел. Тројцата млади имаат повеќе прашања отколку одговори за земјата низ која патуваат за прв пат. А, што е со хеликоптерот со ѓубре? Навистина...?

**STORY:**
Somewhere in Sweden, a gigantic dumpster breaks free from a heavy chain suspended underneath a big helicopter. The dumpster hits the ground with a formidable crash and the garbage spouts out into the surroundings. Meanwhile, an aging Roma woman wakes up in her house with an extremely strong desire to get her old wall clock back. The clock has been at the clockmaker's for over a year, and now the old woman intensely feels that it needs to come home. She calls one of her grandchildren who answers in another part of the country and solemnly promises to bring the clock back to her. Two days later, three Roma youths climb into a car in order to take the wall clock to their grandmother who lives 1030 km south of them. A strange journey along Sweden's long, winding highways begins and it proves to be rich in content despite the rather trivial purpose. The three youths have more questions than answers about the country they're traveling through for the first time. And what is a Garbage Helicopter? Really...?



**ДВЕ НОЌИ ДО УТРОТО/2 NIGHTS TILL MORNING**
**Финска/Литванија/2015/драма, романса/84'**
**Finland/ Lithuania/ 2015/Drama, Romance/ 84'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Mikko Kuparinen
**Сценарио/Scr.:** Mikko Kuparinen
**Камера/Cinematographer:** Tuomo Virtanen
**Улоги/Cast:** Marie-Josée Croze, Arly Jover, Mikko Nousiainen

**СОДРЖИНА:**
Еднонокната средба помеѓу двајца непознати без заеднички јазик зема неочекуван правец кога облак од вулканска прав ги спречува сите авиони да полетаат.

**STORY:**
One-night stand between two strangers without a common language takes an unexpected turn when an ash cloud from a volcano prevents all flights from taking off.



**СЛУЧАЈОТ ОСТЕРБЕРГ/CASE OSTERBERG**
**Словенија/2015/криминален, драма/90'**
**Slovenia/ 2015/ Crime, Drama/ 90'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА:CREDITS:**
**Режија/Director:** Matej Nahtigal
**Сценарио/Scr.:** Zoran Bencic, Matej Nahtigal
**Камера/Cinematographer:** Vladan G. Jankovic
**Улоги/Cast:** Primoz Vrhovec, Vida Breze, Niko Gorsic

**СОДРЖИНА:**
По отсуство од четири години, Рок Остерберг се враќа во родниот град да го истражува убиството на својот помлад брат Макс. Со оглед на тоа што Макс бил инволвиран во нелегален бизнис, никој не е баш потресен од неговата смрт. Единствената личност подготвена да помогне е семејниот пријател, инспектор Крамер. Дома, Остерберг мора да се соочи со луѓе од своето минато: пријателот Алдо со кого Макс собирал долгови и поранешната девојка Катарина, која се уште не ја преболел. Додека тој бил отсутен, дознава дека Катарина се омажила за локалниот политичар Франк Ковач помладиот, кој се кандидира за градоначалник на претстојните избори. Истражувајќи го животот на брата си, Рок станува шаховска фигура во играта на моќ, во која се вклучени семејството на влијателниот политичар, локалната мафија и неспособната полиција. Тој се труди да оди на јаже помеѓу нив, а во пресрет му излегува индивидуалистот Роберт Полак, кој се искачува по општествената скала на моќ.

**STORY:**
After being away for four years, Rok Osterberg returns to his home town to investigate the murder of his younger brother Maks. As Maks was involved in illegal business, nobody seems to care about his death. The only person willing to help is a family friend, Inspector Kramer. Back home, Osterberg must face people from his past: his friend Aldo with whom Maks used to collect debts, and his ex-girlfriend Katarina, whom he hasn't got over with. While he was away, as he finds out, Katarina got married to the local politician Frank Kovač Jr, who is running for mayor at the upcoming election.Exploring his brother's life, Rok becomes a chess piece in the power-seeking game involving the influential politician's family, local mafia and powerless police. While trying to walk a tightrope between the three, he is helped in his own way by the individualist Robert Polak who is climbing the social scale of power.



**ИДНИНАТА НА ИСТОРИЈАТА/HISTORY'S FUTURE**
**Холандија/Германија/Ирска/2016/драма/95'**
**Netherlands/ Germany/ Ireland/ 2016/ Drama/ 95'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Fiona Tan
**Сценарио/Scr.:** Fiona Tan, Jonathan Romney
**Камера/Cinematographer:**
**Улоги/Cast:** Mark O'Halloran, Denis Lavant, Anne Consigny

**СОДРЖИНА:**
Губејќи го сеќавањето после еден уличен грабеж, еден човек познат само како ИЛ (исчезнато лице) го напушта својот дом и тргнува на патување - во потрага не само по своите сеќавања туку можеби дури и по нов идентитет. ИЛ се наоѓа себеси соочен со свет во кој веќе ништо не е извесно; ера на криза на повеќе нивоа. На овие патувања од земја до земја, прикажани преку монтажа на асоцијативни слики и преку серија чудни, просветлувачки, а понекогаш и комични средби, ИЛ се обидува да добие увид во сложеноста на животот на Западот од 21 век - во она што медиумите го нарекуваат ера на „катастрофа во движење“.

**STORY:**
Losing his memory after a mugging, a man known only as 'MP' (Missing Person) leaves his home and sets out on a journey - in search not only for his memory but perhaps also for a new identity. MP finds himself confronted by a world in which there are no longer any certainties; an era of crisis on many levels. On his travels from country to country, portrayed via an associative image montage and through a series of strange, illuminating, sometimes comic encounters, MP attempts to gain insight into the complexity of life in the 21st-century West - into what commentators have called an age of 'rolling catastrophe'.



**ЖЕД/THIRST**
**Бугарија / 2015 / драма / 90'**
**Bulgaria/ 2015/ Drama / 90'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Svetlana Tsotsorkova
**Сценарио/Scr.:** Svetoslav Ovtocharov, Svetla Tsotsorkova, Ventsislav Vasilev
**Камера/Cinematographer:** Vesselin Hristov
**Улоги/Cast:** Monika Naydenova, Alexander Benev, Svetla Yancheva

**СОДРЖИНА:**
Мајка, татко и нивниот 16-годишен син живеат на ридот на крајот од селото. Тие перат хотелски постелнини за да заработат за живот. Водоснабдувањето е непостојано и често се оставени без никаква вода. Двајца работници со бормашина, татко и неговата ќерка, доаѓаат за да го решат проблемот со водоснабдувањето. Хармоничниот живот на семејството се распаѓа на парченца. Сите се засакуваат и замразуваат меѓу себе. Жедта за љубов е толку голема што само смртта може да ја смири.

**STORY:**
The Mother, the Father and their 16-year-old son live on a hill, at the end of a village. They wash hotel sheets for a living. The water supply is inconsistent and they often find themselves without any water. A couple of drillers - a father and his daughter - arrive, in order to solve the water supply problem. The family's harmonious world shatters into pieces. Everyone loves and hates everyone else. The thirst for love is so great that only death could quench it.



**ЦИЦАЧ/MAMMAL**
**Ирска/Холандија/Луксембург/2016/драма/96'**
**Ireland/ Netherlands/ Luxembourg/ 2016/ Drama/ 96’**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Rebecca Daly
**Сценарио/Scr.:** Rebecca Daly, Glenn Montgomery
**Камера/Cinematographer:** Lennart Verstegen
**Улоги/Cast:** Rachel Griffithis, Michael McElhatton, Barry Keoghan,

**СОДРЖИНА:**
Потресна приказна за една жена која го губи синот и развива несекојдневна врска со едно бездомно момче. Нивната кревка доверба е под закана од неговото учество во насилна банда и од ескалацијата на огорчениот бес на нејзиниот поранешен сопруг поради загубата.

**STORY:**
The compelling story of a woman who has lost her son and develops an unorthodox relationship with a homeless youth. Their tentative trust is threatened by his involvement with a violent gang and the escalation of her ex-husband's grieving rage.



**ДОБИТНА КОМБИНАЦИЈА/WINWIN**
**Австрија/2016/Комедија/84'**
**Austria/ 2016/ Comedy/ 84'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Daniel Hoesl
**Камера/Cinematographer:** Gerald Kerkletz
**Улоги/Cast:** Heinz Arthur Boltuch, Aurelia Burckhardt, Stephanie Cumming

**СОДРЖИНА:**
Американски инвестициски фонд купува австриски компании, но, исто така, се вмешува и во политиката во Виена. Парите се уште го вртат светот.

**STORY:**
American investment fund buys Austrian companies, but also takes over politics in Vienna. Money still makes the world go round.



**АНА/ANNA**
**Италија/Франција/2015/драма/110'**
**Italy/ France/ 2015/ Drama/ 110'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Giuseppe M. Gaudino
**Сценарио/Scr.:** Giuseppe M. Gaudino( story & screenplay), Isabella Sandri (screenplay) , Lina Sarti (screenplay)
**Камера/Cinematographer:** Matteo Cocco
**Улоги/Cast:** Valeria Golino, Massimiliano Gallo, Adriano Giannini

**СОДРЖИНА:**
Ана, мајка на три деца, четирисет години поминува низ сопствен пекол. Таа била дрско и несреќно дете, но сега пораснала во дарежлива жена, можеби дури и премногу толерантна. Живее во затворот од сопствените должности и семејството. Се теши со „обесправените кутри луѓе", но, всушност, таа е опкружена со многу демони - и вистински и измислени.

**STORY:**
Anna, mother of three, has lived for forty years in her corner of hell. She was an impertinent and unfortunate girl, but by now she has become a generous woman, perhaps far too tolerant. She is a prisoner of her own duties and of her family. She is comforted by underprivileged "poor little souls", but is actually surrounded by many demons, real and imaginary.



**И ПОКРАЈ НОЌТА/MALGRE LA NUIT**
**Франција/2016/драма/156'**
**France/2016/ Drama/ 156'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Philippe Grandrieux
**Сценарио/Scr.:** John-Henry Butterworth, Philippe Grandrieux, Bertrand Schefer, Rebecca Zlotowski
**Камера/Cinematographer:** Jessica Lee Gagné
**Улоги/Cast:** Kristian Marr, Ariane Labed, Roxane Mesquida

**СОДРЖИНА:**
Ленс се враќа во Париз за да ја најде својата вистинска љубов - Мадлен. Како што неговата потрега по неа се развива така тој бидува повлечен во темното и сурово подземје на порноиндустријата.

**STORY:**
Lens returns to Paris to find his only true love, Madeleine. As his search for her continues, he finds himself getting sucked into the dark and cruel underworld of the porn industry.



**РАНЕТИОТ АНГЕЛ/THE WOUNDED ANGEL**
**Казахстан/Германија/Франција/2016/драма/113'**
**Kazakhstan/ Germany/ France/ 2016/ Drama/ 113'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Emir Baigazin
**Сценарио/Scr.:** Emir Baigazin
**Камера/Cinematographer:** Yves Cape
**Улоги/Cast:** Omar Adilov, Timur Aidarbekov, Maiyar Aripbay

**СОДРЖИНА:**
Четири поучни приказни, четири судбини на тинејџери кои си ги палат крилјата за да се вклопат и преживеат во сиромашно село во Казахстан: Балабан, жртва на изживување кој не сака да се тепа; Жарас, чијшто татко е крадец и мора да го храни семејството; Жаба, кој бара старо железо и копнее по скриеното богатство што го чуваат група растроени деца; и Аслан, кој се плаши дека неговите студии по медицина ќе бидат компромитирани затоа што девојката му останала трудна.

**STORY:**
Four moral tales, four destinies of teenagers who will burn their wings to find a place and survive in a poor village of Kazakhstan : Balapan, a victim of bullying who doesn't want to fight; Zharas, whose father is a thief and has to feed his family; Zhaba, who searches for some metal scraps and lusts after a secret treasure guarded by a group of deranged kids; and Aslan, who fears that his medic studies will be compromised by his girlfriend getting pregnant.



**ЗОРА/DAWN**
**Летонија/Естонија/Полска/драма/96'**
**Latvia/ Estonia/ Poland/ 2015/ Drama/ 96'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Laila Pakalnina
**Сценарио/Scr.:** Laila Pikalnina
**Камера/Cinematographer:** Wojciech Staron
**Улоги/Cast:** Vilis Daudzins, Antons Grauds, Andris Keiss

**СОДРЖИНА:**
Малиот Јанис е член на Младите пионери, кој живее во советската задруга „Зора“. Неговиот татко се противи на создавањето задруга, која во времето на Советскиот Сојуз го носеше името Колхоз. Во времето на Советскиот Сојуз, сите оние што биле против големите идеи понудени од комунистите, бидуваат прогласени за непријатели на државата и на целиот нејзин систем. Таткото му се одмаздува на синот. Кој, во оваа стара советска бајка, е добар, а кој е злобен? Новиот филм на една од најистакнатите и најталентирани авторки од Летонија - Лаила Пакалина - се базира на мотив од советската пропаганда за „Младиот пионер“, Павлик Морозов, кој го поткажал својот татко на тајната полиција на Сталин, за како казна да биде убиен од своето семејство. Неговиот живот бил пример за единствената морална должност на сите добри советски граѓани и граѓанки: доброто на државата е од најголема важност. Во Советскиот Сојуз оваа приказна инспирирала многу книги, песни, театарски претстави, симфонски дела, опера, а исто така послужила и како основа за Бежин луг, филм на познатиот советски режисер Сергеј Ејзенштајн, снимен во 1937 година, чиешто снимање било прекинато поради несоодветното сцнарио. Режисерката успешно создава моќен визуелен опис, кој ги опфаќа сите епохи од советската историја и митот за советската идеологија и морал, кој фатил корен и на латвиска почва. Создавање нов мит, или деконструкција на една од темелните морални вредности на новиот советски човек?

**STORY:**
Little Janis is a pioneer, who lives in the Soviet collective farm "Dawn". His father sabotages the collective farm, which in the Soviet era bore the proud name of the "kolkhoz".In Soviet times, all those who opposed the great ideas offered by the Communists, were considered to be enemies of the Soviet people and the whole of the Soviet system. His father wants to burn down the farm, but Little Janis betrays his father to the authorities. The father takes revenge on his son. Who, in this old Soviet fairy-tale, is good and who is evil? The new film by one of the most important and original talents from Latvia, Laila Pakalnina, is based on the Soviet propaganda story about “Young Pioneer” (Soviet equivalent to the “Boy Scouts”) Pavel Morozov, who denounced his father to Stalin’s secret police and was in turn killed by his family. His life exemplified the only moral duty of all good Soviet citizens: the good of the state is of utmost importance. In the Soviet Union this story became the subject of many books, songs, plays, a symphonic poem, opera and also the basis of "Bezhin Meadow" filmed in 1937 by the famous Soviet film director Sergei Eisenstein and subsequently destroyed by the Sovietregime. The director manages to create a powerful visual opus, which mixes all epochs of Soviet history and the myth of the Soviet ideology and morality suddenly grows into Latvian soil. Creating a new myth or deconstructing one of the fouding morals of the new Soviet man?



**СМРТ ВО САРАЕВО/DEATH IN SARAJEVO**
**Босна и Херцеговина/ Франција/2016/драма/85'**
**Bosnia and Herzegovina/ France/ 2016/ Drama/ 85'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Danis Tanovic
**Сценарио/Scr.:** Bernard-Henri Lévy (based on his play "Hotel Europe"), Danis Tanovic (screenplay)
**Камера/Cinematographer:** Erol Zubcevic
**Улоги/Cast:** Snezana Vidovic, Izudin Bajrovic, Vedrana Seksan

**СОДРЖИНА:**
Смрт во Сараево е игран филм врз основа на драмскиот текст на францускиот филозоф, новинар и писател Бернар-Хенри Леви. Во филмот станува збор за егзистенцијалните стравови, анксиозноста и дилемите...

**STORY:**
Death In Sarajevo is a feature based on the play of the French philosopher, journalist and writer Bernard-Henri Levy. The film is about the existential fears, anxieties and moral dilemmas that plague modern European society.



**ЦРВЕНИОТ ПАЈАК/THE RED SPIDER**
**Полска/Чешка/Словачка/2015/криминален, драма, трилер/90'**
**Poland/ Czech Republic/ Slovakia/ 2015/ Crime, Drama, Thriller/ 90'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Marcin Koszalka
**Сценарио/Scr.:** Marcin Koszalka, Lukasz M. Maciejewski, Marta Szreder
**Камера/Cinematographer:** Marcin Koszalka
**Улоги/Cast:** Filip Plawiak, Adam Woronowicz, Julia Kijowska

**СОДРЖИНА:**
Карол, обичен млад човек, налетува на многу постар човек за кого верува дека е таканаречениот Црвен пајак, застрашувачкиот сериски убиец што се движел по улиците на Краков во 60-тите години на минатиот век. Карол станува опседнат со човекот и почнува да го шпионира. Во меѓувреме ја запознава Данка, малку постара фотографка која работи за локалниот весник. Во искушение на љубовта, фасциниран од смртта, Карол наскоро треба да ја донесе најважната одлука во својот живот.

**STORY:**
Karol, an ordinary young man, runs into a much older man, whom he believes to be the so-called Red Spider, the terrifying serial killer prowling the streets of Kraków in the 1960s. Karol becomes obsessed with the man and spies on him. In the meantime he meets Danka, a slightly older photographer, working for the local newspaper. Tempted by love, fascinated by death, Karol will soon have to make the most important choice of his life.



**ЗАМРАЧЕН РАЈ/DUSKY PARADISE**
**Германија/Шпанија/2016/комедија, драма/76'**
**Germany/ Spain/ 2016/ Comedy, Drama/ 76'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Greorgy Kirchhoff
**Сценарио/Scr.:** Gregory Kirchhoff
**Камера/Cinematographer:** Dino von Wintersdorff
**Улоги/Cast:** Kes Baxter, Charlotte Krenz, Martin Umbach

**СОДРЖИНА:**
По смртта на родителите, апатичен млад човек патува во странство за да живее во нивната куќа и да се грижи за нивната желка.

**STORY:**
After the death of his parents an apathetic young man travels to a foreign country to live in their house and look after their turtle.



**ПАЛУБА/PALUBA**
**Србија/САД/2016/криминален, трилер/76'**
**Serbia/ USA/ 2016/ Crime, Thriller/ 76'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Dejan Vlaisavljevic Nikt
**Сценарио/Scr.:** Dejan Vlaisavljevic, Dusan Zaric
**Камера/Cinematographer:** Predrag Bambic
**Улоги/Cast:** Marija Sevic, Dejan Vasiljevic, Nebojsa Pajkic

**СОДРЖИНА:**
Верувајќи дека неговиот модел е во неволја, пензионираниот инженер, сега сликар-аматер, најмува приватен детектив за да ја најде. Причината за нејзиното „исчезнување“ е за да може да почне отпочеток со своето момче, кое тукушто излегло од затвор. Тој ќе ги украде непотпишаните слики од студиото на сликарот, ќе ја натера девојка си да ги потпише, со цел да профитира од можната продажба. Утрото по кражбата, сликарот е пронајден мртов. Несвесен за судбината на вистинскиот уметник, уметничкиот свет се опседнува со измамничката.

**STORY:**
Believing that his model is in trouble, a retired engineer, now an amateur painter, hires a private detective to find her. The reason for her "disappearance" is so she can start anew with her boyfriend, who has been released from prison. He will steal unsigned paintings from the painter's studio, have his girlfriend sign them, and profit from the eventual sale. The morning after the robbery, the painter is found dead. Oblivious that the true artist is dead, the art world becomes infatuated with the impostor.



**ЉУБОВ ПОТОА/AFTER LOVE**
**Франција/Белгија/2016/драма/100'**
**France/Belgium/ 2016/ Drama/ 100'**

**РЕЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Joachim Lafoosse
**Сценарио/Scr.:** Fanny Burdino, Joachim Lafosse, Mazarine Pingeot, Thomas van Zuylen
**Камера/Cinematographer:** Jean-Francois Hensgens
**Улоги/Cast:** Bérénice Bejo, Marthe Keller, Cédric Kahn

**СОДРЖИНА:**
После десетгодишната врска и раѓањето на близнаците, Тиери и Мари решаваат да се разделат. Тери нема доволно средства да се отсели, а Мари не сака да го продаде станот што го купиле и целосно реновирале заедно со Тиери. Затоа донесуваат тешка одлука да продолжат да живеат под истиот покрив и после разделбата.

**STORY:**
After a relationship of ten years and the birth of twins Thierry and Marie decide to separate. Thierry does not have sufficient financial resources to move and Marie would the apartment which they bought together and by Thierry was fully renovated, do not sell. That is why they need to take the difficult decision after the separation under the same roof to continue to live.



**ДОМАШНА НЕГА/ HOME CARE**
**Чешка/Словачка/2015/комедија, драма/92'**
**Czech Republic/ Slovakia/2015/ Comedy, Drama/ 92'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Slávek Horák
**Сценарио/Scr.:** Slávek Horák
**Камера/Cinematographer:** Jan Stastny
**Улоги/Cast:** Alena Mihulová, Bolek Polívka, Tatiana Vilhelmová

**СОДРЖИНА:**
Сите се запознаени со конечноста на човековото постоење, но свесноста за реалните ограничувања на животот сите не стигнува поединечно, и често неочекувано. Посветената сестра за домашна нега Власта живее за својот сопруг Лада, својата ќерка и за своите пациенти. Но, еден ден се се менува и Власта е принудена да излезе од својата зона на комфор. Драма и благ хумор се испреплетуваат додека Власта сфаќа дека можеби и нејзе и треба домашна нега.

**STORY:**
Everyone knows about the finality of human existence but the realization of life's actual limits comes to each of us individually and often unexpectedly. Dedicated home care nurse Vlasta lives for her husband Lada, her daughter and her patients. But then one day things change and Vlasta is forced to reach outside of her comfort zone. Drama and gentle humor intertwine as Vlasta realizes that she might need some care too.



**ВОНБРАЧНО/ILLEGITIME**
**Романија/Полска/Франција/2016/драма/99'**
**Romania/ Poland/ France/ 2016/ Drama/ 99’**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Adrian Sitaru
**Сценарио/Scr.:** Alina Grigore, Adrian Sitaru
**Камера/Cinematographer:** Adrian Sillisteanu, Alexandru Timosca
**Улоги/Cast:** Adrian Titieni, Alina Grigore, Robi Urs

**СОДРЖИНА:**
Брат и сестра и вонбрачна љубов. Татко кој е доктор и неколку обвинувања. Семејство во кое никој никогаш не повлекол линија помеѓу она што е морал и она што е закон. Дури ни кога станува збор за абортус.

**STORY:**
Two siblings and an illegitimate love. A father whois a doctor and several accusations. A family in which no one ever drew a line between whatis moral and what is legal. Not even when it comes to abortion.



**ДОМЕ СЛАДОК ДОМЕ/HOME SWEET HOME**
**Косово/Македонија/2016/игран/90'**
**Kosovo/ Macedonia/2016/ Fiction/ 90'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Faton Bajraktari
**Сценарио/Scr.:** Zymber Kelmendi
**Камера/Cinematographer:** Latif Hasolli
**Улоги/Cast:** Donat Qosja, Arta Muçaj, Shkumbin Istrefi, Lea Qosja, Susan Mustafov, Albin Bajraktari

**СОДРЖИНА:**
Долго време се сметало дека Аргон е мртов. Неговите другари од војска го виделе како загинува во конфликтот на Косово, па така неговото враќање дома е повеќе од изненадувачко. Но, радоста наскоро им отстапува место на практичните проблеми и човекот, поради различни околности, е присилен да остане мртов - барем формално. На тој начин, неговиот дом станува платно пред кое се одвиваат мноштвото проблеми со кои се соочува поствоеното општество.

**STORY:**
Agron was long considered dead. His army buddies saw him die during the Kosovo conflict, and thus his return home is beyond surprising. Joy, however, soon shifts to a consideration of practical problems, and the man is forced by a variety of circumstances to remain dead – at least officially. His home thus becomes the backdrop for a portrayal of the myriad problems facing postwar society.



**НА ДРУГАТА СТРАНА/ON THE OTHER SIDE**
**Хрватска/Србија/2016/драма/85'**
**Croatia/ Serbia/ 2016/ Drama/ 85’**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Zrinko Ogresta
**Сценарио/Scr.:** Mate Matisic (screenplay), Zrinko Ogresta (screenplay)
**Камера/Cinematographer:** Branko Linta
**Улоги/Cast:** Ksenija Marinkovic, Lazar Ristovski, Tihana Lazovic

**СОДРЖИНА:**
Пред дваесет години, Весна го преселила своето семејство во Загреб, настрана од настаните што речиси им ги уништиле животите. Но, еден неочекуван повик ќе го врати споменот на тајната што таа се обидува да ја скрие низ сите тие години.

**STORY:**
20 years ago, Vesna moved her family to Zagreb, away from the events that almost destroyed their lives. However, an unexpected call will bring back the memory of a secret that she has been trying to hide all these years.




**ЕДЕН ОД НАС/ONE OF US**
**Австрија/2015/Драма/86'**
**Austria/ 2015/ Drama/ 86'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Stephan Richter
**Сценарио/Scr.:** Stephan Richter,
**Камера/Cinematographer:** Enzo Brandner
**Улоги/Cast:** Dominic Marcus Singer, Jack Hofer, Brigit Linauer

**СОДРЖИНА:**
Огромниот супермаркет е единственото место за средба помеѓу Џулијан и неговите новостекнати другари. Нови емоции на братство, љубов и на возбуда ги охрабруваат да се обидат да избегаат од досадата на предградието. Една ноќ, Џулијан и неговиот другар Марко го обиваат супермаркетот полн со интересни продукти. Моментот на детинеста слобода нагло завршува со момент на остра, возрасна реалност. Приказна инспирирана од вистински настани.

**STORY:**
A huge supermarket is the only meeting point for 14-year old Julian and his newly met friends. Fresh emotions of brotherhood, affection and thrill encourage their wish to break out of suburban boredom. One night, Julian and his pal Marko break into the supermarket full of promising products. A moment of childish freedom ends abruptly in a moment of harsh grown-up reality. A story inspired by true events.



**БИРО/BUREAU**
**Унгарија/2015/драма/52'**
**Hungary/ 2015/ Drama/ 52'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Viktor Oszkár Nagy
**Сценарио/Scr.:** Viktor Oszkár Nagy, Petra Szöcs
**Камера/Cinematographer:** Tamás Dobos
**Улоги/Cast:** Anna Fignár, Zoltán Batka, Turan Kaya, Elif Kaya, Bernadett Valéria Marton-John, Dr., Sanju John

**СОДРЖИНА:**
„Биро" ги следи секојдневните настани во една фиктивна служба за имиграција, каде што ја среќаваме Ана, новата членка на тимот. Како што ја следиме дневната рутина на Ана, се соочуваме со понекогаш смешни, понекогаш замислувачки, а често емотивни приказни, и почнуваме да го разбираме притисокот на сите вакви места врз оние кои доаѓаат на вакви места.

**STORY:**
"Bureau" follows everyday events inside a fictional immigration office, where we meet Anna, a new member of the staff. As we follow Anna's daily routine, we find ourselves faced with sometimes humorous, sometimes thought-provoking and often touching tales, and begin to understand the pressure that all of this places on those manning the desk.



**ЧИСТАЧОТ/THE CLEANER**
**Словачка/2015/драма/94'**
**Slovakia/ 2015/ Drama/ 94'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Peter Bebjak
**Сценарио/Scr.:** Peter Bebjak, Peter Gasparik
**Камера/Cinematographer:** Martin Ziaran
**Улоги/Cast:** Éva Bandor, Noel Czuczor, Kamil Kollarik

**СОДРЖИНА:**
Нему му фалат социјални вештини. Набљудувајќи ги другите животи од зад затворенот плакар го прави да се чувствува безбедно и му ја ублажува осаменоста. Се' се менува штом реши да излезе.

**STORY:**
He is lacking social relationships. Observing other lives from behind the closet doors makes him feel safe and quiets down his solitude. Everything changes, when he decides to come out.



**НЕ Е ВРЕМЕТО НА МОЈОТ ЖИВОТ/IT'S NOT THE TIME OF MY LIFE**
**Унгарија/2016/драма/81'**
**Hungary/ 2016/ Drama/ 81'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Szabolcs Hajdu
**Сценарио/Scr.:** Szabolcs Hajdu
**Камера/Cinematographers:** Csaba Bántó, Flóra Chilton,Gajdics Dávid, Betti Hejüsz, Márton Kistelek, Péter Miskolczi, Szalai Márk, Péter Pásztor, Tamas Simon, Gábor Szilágyi, Gergely Tímá, Levente Tóth, K. Kovács Ákos
**Улоги/Cast:** Imre Gelányi, Lujza Hajdu, Szabolcs Hajdu

**СОДРЖИНА:**
Пред една година, Ернела, Алберт и нивната десетгодишна ќерка Лаура ја напуштиле земјата во потрага по подобар живот. Не можеле да се најдат во Шкотска, па се враќаат назад. На среде ноќ тропнуваат на вратата на Естер, сестрата на Ернела. Естер, нејзиниот сопруг Фаркас и нивниот петгодишен син Бруно живеат во подобри улови отколку Ернела и нејзините кои се борат со сериозни финансиски проблеми. Двете семејства никогаш не се согласувале многу добро. Но само Естеровите го чуствуваат тоа, додека на семејството на Ернела му е убаво на гости кај Естер. Иако не можат да се согласат за ништо. Прашањето е како двете семејства ќе успеат да се истрпат едни со други во станот на Естер и колку долго?

**STORY:**
A year ago Ernella, Albert and their 10 year old daughter Laura left the country for a better life. They could not get along in Scotland so they came back. In the middle of the night they turn up at Eszter's, the sister's of Enella. Eszter, her husband Farkas and their 5 year old son Bruno live in better circumstances than Ernella's who struggle with serious financial problems. The two families have never been in real harmony with each other. Only Eszter's can feel that. Ernealla's love to be at Eszter's. Although they can't agree on anything. The question is that how the two families able to bear each other at Eszter's sublet and how long?



**НЕДАДЕНО/UNGIVEN**
**Хрватска/2015/драма/90'**
**Croatia/ 2015/ Drama/ 90'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Branko Schmidt
**Сценарио/Scr.:** Josip Mlakić
**Камера/Cinematographer:** Dragan Ruljancic
**Улоги/Cast:** Nada Đurevska, Ivo Gregurević, Goran Bogdan, Mesud Dedović, Mijo Lukić, Josip Lukić, Ivan Magud

**СОДРЖИНА:**
По реновирањето на куќата уништена за време на војната, постар пар решава да се врати во своето село и да продолжи таму каде што нивниот живот бил насилно прекинат. Ги следиме нивните секојдневни неволји во текот на четири годишни времиња. Од ден на ден, старата дама станува сè поотсутна и поизгубена. Нејзиниот сопруг, наместо да и' помогне, станува дури сè погруб и поагресивен кон неа. Конечно, кога ќе сфати дека таа е смртно болна, тој целосно го сменува својот однос. За жал, предоцна.

**STORY:**
Having reconstructed their house, destroyed during the war, an older couple decides to go back to their village and continue where their life was violently interrupted. We follow their daily tribulation over the four seasons. From day to day, the old lady becomes more and more absent and lost. Her husband, instead of helping her, becomes ever more harsh and aggressive towards her. Finally, when he realizes that she is gravely ill, he changes his attitude completely. Unfortunately, it is too late.



**ПОСЛЕДНОТО СЕМЕЈСТВО/THE LAST FAMILY**
**Полска/2016/драма/124'**
**Poland/ 2016/ Drama/ 124'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Jan P. Matuszynski
**Сценарио/Scr.:** Robert Bolesto
**Камера/Cinematographer:** Kacper Fertacz
**Улоги/Cast:** Andrzej Seweryn, Dawid Ogrodnik, Aleksandra Konieczna

**СОДРЖИНА:**
Бексињски е нежен маж со арахнофобија, и покрај неговите хардкор сексуални фантазии и неговата склоност кон сликање вознемирувачки дистописки дела. Бексињски е семеен човек кој сака само најдобро за неговата сакана жена Зофија, невротичниот син Томаш и остарените мајки. Неговото секојдневно сликање во придружба на класична музика конечно ќе се исплати и ќе се здобие со слава во современата уметност. Добрата католичка жена Зофија се обидува да го задржи семејството заедно, но проблематичниот син Томаш има чести изливи на насилство и закани со самоубиство. Нивното олеснување е кратко додека почнува да се дружи со жени и стане радио водител и преведувач на филмови, но загрижените родители мора да бидат во постојан штрек за да го спречат синот од самоповредување. Сепак Бексињски никогаш не верувал дека семејниот живот секогаш ќе биде сјаен. Додека снима сè со својата сакана камера, 28-годишната сага за Бесињски се открива преку сликите, искуствата на смртта, танцувачките музички трендови и погребите..

**STORY:**
Beksiński is a gentle man with arachnophobia, despite his hardcore sexual fantasies and his fondness for painting disturbing dystopian works. Beksiński is a family man who wants only the best for his loving wife Zofia, neurotic son Tomasz and the couple's aging mothers. His daily painting to classical music eventually pays off and he makes a name for himself in contemporary art. Good Catholic woman Zofia tries to hold the family together, but troubled son Tomasz proves to be a handful with his violent outbursts and suicidal threats. Their relief is brief when he starts dating women and becomes a radio presenter and movie translator, and the concerned parents must be on constant watch to prevent their son from hurting himself. But Beksiński never believed that family life would always be sunshine and rainbows. As he tapes everything with his beloved camcorder, the 28-year Beksiński saga unfolds through paintings, near-death experiences, dance music trends and funerals...



**СУДБИНСКИ МОМЕНТ/FATEFUL MOMENT**
**Словачка/2015/драма/86’**
**Slovakia/ 2015/ Drama/ 86’**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Gabriel Hoštaj
**Сценарио/Scr.:** Gabriel Hoštaj
**Камера/Cinematographer:** Viliam Tutko
**Улоги/Cast:** Lukáš Pelč, Michaela Szöcsová, Andrea Martvoňová, Lukáš Dóza, Jakub Gogál, Daniel Fischer, Tatiana Kulíšková

**СОДРЖИНА:**
Ова е интимна приказна за осамениот млад службеник Матеј кој еден ден решава да стави крај на осаменоста и се јавува на интимен оглас. Состанокот со жената на почетокот изгледа комично и смешно, но завршува фатално за него. Хумористичен и смешен, но истовремено тажен филм со многу комични и шегобијни елементи, црн хумор, и интересен звук и музика.

**STORY:**
It's an intimate story about the lonely  young clerk Mathew who decides one day to finish with the loneliness and replies to the intimate advert. The mutual clash with women looks comically and funny at the beginning but however, is eventually fatal for him. Humorous and funny but gloomy sad film with loads of comic and ridiculous situations, black humour, with the interesting sound and music.



**СКРШНУВАЊЕ НА ПАТОТ ДО СОВРШЕНА ИЛУЗИЈА/DETOUR ON THE PATH TO PERFECT ILLUSION**
**Словачка/2016/драма/109'**
**Slovakia/ 2016/ Drama/ 109'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Robert Filo
**Сценарио/Scr.:** Robert Filo
**Камера/Cinematographer:** Stan Kukucka
**Улоги/Cast:** Viliam Tanko, Miriam Merklova, Marcel Gallik, Ivana Sablova, Radka Lukacevicova, Igor Kasala, Ludmila Kozmenko

**СОДРЖИНА:**
Филмот ја раскажува приказната на Симон која се обидува одново да ја изгради врската со светот околу неа и внатрешно и надворешно. Таа го превреднува своето место во светот и се труди да ги усогласи своите внатрешни борби со општеството во кое се наоѓа.

**STORY:**
The film recounts the story of Simone who is trying to rebuild her relationship with the world around her both internally and externally. She is revaluating her place in this world and trying to align her internal struggles with the external society she now finds herself in.



**ЗООЛОГИЈА/ZOOLOGY**
**Русија/Франција/Германија/2016/драма/83'**
**Russia/ France / Germany / 2016/ Drama/ 83'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Ivan I. Tverdovskiy
**Сценарио/Scr.:** Ivan I. Tverdovskiy
**Камера/Cinematographer:** Aleksandr Mikeladze
**Улоги/Cast:** Masha Tokareva, Natalya Pavlenkova, Aleksandr Gorchilin

**СОДРЖИНА:**
Средовечната работничка во зоолошка, Наташа, се уште живее со мајка си, во мал крајбрежен град. Заглавена е во рутината и изгледа дека животот веќе нема да и донесе изненадувања, додека еден ден не и порасне опаш и не и го промени животот.

**STORY:**
Middle-aged zoo worker Natasha still lives with her mother in a small coastal town. She is stuck and it seems that life has no surprises for her until one day - she grows a tail and turns her life around.



**ПРЕДИЗВИКОТ/THE CHALLENGE**
**Италија/Франција/Швајцарија/2106/документарен/69’**
**Italy / France / Switzerland / 2016 / Documentary / 69’**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Yuri Ancarani
**Камера/Cinematographer:** Yuri Ancarani, Luca Nervegna, Jonathan Ricquebourg

**СОДРЖИНА:**
Соколарство има историја која се протега 40 векови наназад. На Запад тоа е  во главно страст на средновековната аристократија, но неговиот углед продолжува со несмалено темпо во современата арапската култура. Три години набљудување на овој вид на лов овозможија да се долови духот на традиција која денес им овозможува на оние што ја практикуваат да бидат во постојан дослух со пустината, и покрај нивниот претежно урбан начин на живот. Нашиот водич за тоа како да се премине тој праг е соколар кој ги носи своите птици да се натпреваруваат на турнирот во Катар. Во блескавата светлина на празниот пејзаж, следејќи линии и траги на летови, филмот раскажува некој чуден вид на „пустински викенд“, во кој технолошкиот и антрополошкиот микрокосмос висат во воздух, како сокол, лебдејќи врз неповратните струи на слики.

**STORY:**
Falconry has a history that stretches back over 40 centuries. In the West it was a prevailing passion of the medieval aristocracy, but its prestige continues undiminished in contemporary Arab culture. Three years of observing this form of hunting in the field have made it possible to capture the spirit of a tradition that today allows its practitioners to keep a close rapport with the desert, despite their predominantly urban lifestyle. Our guide to how they cross that threshold is a falconer taking his birds to compete in a tournament in Qatar. In the glaring light of an empty landscape, following flight lines and lures, the film recounts a strange kind of “desert weekend”, in which technological and anthropological microcosms hang in the air, like the falcon, drifting on the irreversible currents of images.

MAK
POINT
PROGRAM




**СЛОЖУВАЛКА/THE PUZZLE**
**Македонија / документарен / 2015 / 38'**
**Macedonia / Documentary / 2015 / 38'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Aleksandar Koviloski
**Камера/Cinematographer:** Nebojsha Milosavljevic, Gjore Milevski

**СОДРЖИНА:**
Сложувалка е македонски документарен/експериментален филм за значењето на хипхоп-културата во овој регион. Ова не е класичен хипхоп-документарец, туку е колаж од ставови, искуства и идеи на поединци од македонската хипхоп-сцена. Филмот не ја документира историјата на македонскиот хип-хоп, туку поставува прашања и отвора дискусија за тоа каква е оваа култура во моментот споредувајќи ја со сложувалка, каде добивањето на конечната слика е процес на трпение, интелигенција и на креативност. Филмот е продуциран од неформалната организација „Хип-хип Македонија“ и во него се појавуваат најпознатите изведувачи од Македонија од почетокот на правецот до денес - Ицко и В.Г. (Чиста околина), Тец (Најбарани, Ошав прод.) Ди Џеј Гоце (САФ), Профо и Човекот X (Клан Исток), Против сите (Легијата), Хром (графити), Тигаз (ДНС), Тони Зен, Грин аут, Пука козметика, Брус, Слаткаристика, ЏоЏо (Стрес), Жиле, Вали, Огнен (битбокс), Зад аголот, Титаниум, Токсиколози, Авторизација, Дивизија.

**STORY:**
“The Puzzle” is a Macedonian documentary/experimental film about the meaning of the hip hop culture in our region. This is not a classic hip hop documentary. It is a collage of views, experiences and ideas of individuals from the Macedonian hip hop scene. The film does not document the history of the Macedonian hip hop, but it raises questions and it opens up a discussion about the present of this culture, by comparing it to a jigsaw puzzle, where getting the final picture is a process of patience, intelligence and creativity. The film was produced by the informal organization Hip Hop Macedonia, featuring the most acclaimed hip hop artists from Macedonia since its beginning until today - Icko and V.G. (Chista Okolina), Tec (Most Wanted/Oshav Prod.) DJ Goce (SAF), Profo & Chovekot X (Klan Istok), Protiv Site (Legijata), Hrom (graffiti), Tiggaz (DNS) Toni Zen, Green Out, Puka Kozmetika, Brus, Slatkaristika, DzoDzo (Stress), Zhile & Vali, Ognen (beatbox), Zad Agolot, Titanium, Toksikolozi, Avtorizacija, Divizija.

**БРОД ТРГНАТ КОН НЕМЕРЛИВОТО –**
**ИГОР ИСАКОВСКИ (1970-2014)/**
**A SHIP SAILING OFF TO THE IMMEASURABLE –**
**IGOR ISAKOVSKI (1970-1974)**
**Македонија/ документарен/ 2015/ 16'**
**Macedonia/ Documentary/ 2015 / 16'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Sašo Dimoski
**Сценарио/Scr:** Sašo Dimoski
**Камера/Cinematographer:** Sašo Dimoski
**Учествуваат/Participate:** Jovica Ivanovski, Elizabeta Bakovska, TihomirJančovski, Toni Dimkov

**СОДРЖИНА:**
Иако замина на само четириесет и четири години, Игор зад себе остави шеснаесет издадени книги, од кои десет се збирки поезија. Тој не беше само плоден автор, неуморен преведувач од англиски, српски, хрватски, босански, тој беше и основач на културната институција и издавачка куќа „Блесок“. Игор беше идејниот творец на електронското списание „Блесок“, едно од најстарите електронски списанија за култура во Европа, преку кое, пионерски и визионерски, ја ширеше македонската култура низ светот, а светската култура ја носеше во Македонија.

**STORY:**
Although he was only forty-four when he died, Igor left behind sixteen published books, ten of which are poetry collections.  He was not only a prolific author, a tireless translator from English, Serbian, Croatian, Bosnian, he was also the founder of "Blesok" cultural institution and publishing house. Igor was the creator of "Blesok" electronic magazine, one of the oldest electronic magazines on culture in Europe; via it, as a pioneer and visionary, he spread the Macedonian culture in the world, and brought the world culture to Macedonia.




**СТУДАНТС/STUDANTS**
**Македонија / документарен / 2016 / 50'**
**Macedonia / Documentary / 2016 / 50'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Tamara Kotevska
**Сценарио/Scr:** Tamara Kotevska
**Камера/Cinematographer:** Tamara Kotevska, (curtain scenes shot by: Kristijan Karadzovski, Ljubomir Stefanov)

**СОДРЖИНА:**
Помеѓу 2014 и 2016 година, Македонија ја зафаќаат протести. Студентите, како најмлада, најенергична интелектуална сила на замјата, покажуваат дека се незадоволни и се закануваат дека масовно ќе ја напуштат земјата. Ова е една од причините зошто програмата „работи и патувај" набрзо стекнува таква популарност кај младите. Филмот следи три амбициозни студентки што решаваат да ја напуштат својата земја и да одат во САД преку програмата „работи и патувај". Ова патешествие на главните ликови е прикажано како „експеримент од дивиот свет" и наративот на документарецот ги споредува овие три студентки со соодветни видови на мравки. Од таму доаѓа и името Студантс (ants на англиски значи мравки - заб. на прев.). Како што се развива приказната, може да се' појасно да се видат сличности меѓу овој човечки експримент со било кој друг експеримент со мравки прикажан во документарците за дивиот свет. Избран е ваков тип на нарација за да ги покаже нивните лични битки, емотивните и интелектуални дилеми од една страна, но и да покаже колку мали и безначајни се во големиот свет по кој копнеат, а во кој не припаѓаат. Нивните очекувања да го остварат „Американскиот сон" стануваат секојдневна борба за опстанок, исто како и група на мравки во дивината. Но, дали оваа егзиестенцијална и емотивна борба ќе биде доволно тешка да ги прати назад, или пак ќе ја прифатат како подобра алтернатива на нивниот стар дом каде ги чека старото незадоволство?

**STORY:**
Between 2014 and 2016, protests are taking over Macedonia. Students, as the youngest, most energetic intellectual force of the country are showing they are unsatisfied and are threatening to leave the country in large numbers. This is one of the reasons why the "work & travel" program gains its popularity among young students very rapidly. This film follows three ambitious students who decide to leave their country and go on a" work& travel" program in USA. This real characters' journey is represented as a "wild life species' experiment" and the documentary's narration is comparing these 3 students with curtain species of ants. Therefore the title "studAnts". As the story goes, we can see the similarities of this "human experiment" with any other "ants' experiment" shown in many wildlife documentaries, more and more clearly. This kind of narration is chosen in order to show their personal struggles, and emotional and intellectual dilemmas on one side, but also, to show how small and meaningless they are in a foreign world they crave for, but they don't belong to. Their expectations to live the "American dream" become an everyday struggle for survival, just like a group of ants in the wilderness. But will this existential and emotional struggle be hard enough to make them go back, or will they accept it as a better alternative to their old home where dissatisfaction is still present?

**ПЕСНАТА НА БЕКТАШОТ/**
**THE SONG OF THE BEKTASHI**
**Македонија / документарен / 2016 / 30'**
**Macedonia / Documentary / 2016 / 30'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/Director:** Goce Cvetanovski
**Сценарио/Scr:** Ljube Cvetanovski
**Камера/Cinematographer:** Viktor Jonchevski

**СОДРЖИНА:**
Ноќта на четириесетте маченици е еден од најважните ритуали на мистичните дервиши Бекташи. Ова е прв пат овој ритуал да биде целосно снимен на камера.

**STORY:**
The Night of the Forty Martyrs is one of the most important rituals of the mystical order of the Bektashi dervishes. This documentary presents the first recording on camera of this ritual in its entirety.



**ГЛАС ОД БУКУРЕШТ/**
**VOICE FROM BUCAREST**
**Македонија/документарен/ 2016/26'**
**Macedonia/ Documentary / 2016/ 26'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** Leotrim Idrizi
**Камера/ Cinematographer:** Bujar Pajaziti
**Улоги/ Cast:** Baki Umeri

**СОДРЖИНА:**
Кој е човекот што восхитува со својата творечка енергија и уметнички дух? Среде Букурешт, тој постојано се наоѓа меѓу врвните, односно елитните личности од литературата, театарот, филмот... Ако се бара личност што умее и успеала да создаде вистински мостови меѓу народите, ставајќи ги културните и творечките вредности како стожер на духовното богатство, тогаш Баки Имери е еден од двигателите на тие вредности.

**STORY:**
Who is the man that astonishes with his creative energy and his artistic soul? In Bucharest, you can constantly found him among the most popular people, i.e. among the crème de la crème of science, culture, theater, film... If you are looking for a person whohas the ability and has managed to create real bridges of friendship between nations, using the cultural and creative values as the pillar of the spiritual treasure, then BakiUmeri is one of those people.

**ЧЕВЛИ/ SHOES**
**Македонија/ игран/ 2015/ 18'**
**Macedonia/ Feature/ 2016/ 18'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/CREDITS:**
**Режија/ Director:** Branko Kosteski
**Сценарио/ Scr:** Branko Kosteski
**Камера/ Cinematographer:** Dejan Dimeski
**Улоги/ Cast:** Blagoj Veselinov, Grigor Jovanovski, Dime Iliev, Ana Kostovska, Robert Ristov

**СОДРЖИНА:**
Јован во наследство ги добива чевлите од неговиот покоен татко. Од тој момент, неговиот живот го губи ритамот што го имал дотогаш. Јован за ова ги обвинува чевлите на татко му, но вистинската причина за неговиот неисполнет живот е еден настан од неговото минато.

**STORY:**
Jovan inherits shoes from his late father. From that moment on, his everyday life-routine is disrupted. Jovan blames his father's shoes for this, but the actual reason for his unfulfilled life is one crucial event from his past.



**КАРМА/ KARMA**
**Македонија/ игран/ 2015/ 16'**
**Macedonia/ Feature/ 2015/ 16'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** Vladimir Mitrevski
**Сценарио/ Scr:** Vladimir Mitrevski
**Камера/ Cinematographer:** Naum Doksevski
**Улоги/ Cast:** Dimitrija Doksevski, Akesl Mehmed, Milan Tocinosvki, Simona Spirovska, Nenad Nacev, DenizAbdula, Aleksandar Mihalovski, Vladimir Petrovik, Simon Manaskovski, Kalin Krajcevski, Vladimir Mitrevski

**СОДРЖИНА:**
„Карма“ е кратка приказна за неколку човечки судбини кои меѓусебно се преплетуваат. Централна фигура е Боби, млад човек и татко, чие дете боледува од тешка болест. Неговата цел е по секоја цена да обезбеди средства со цел да го спаси својот син. Тој прифаќа да учествува во грабежна банка, воден од неговите пријатели Мичо и Бугар, сметајќи дека тоа е единствен начин да обезбеди средства со кои би го спасил синот.Оваа одлука е поддржана и од неговата сопруга Ана која, исто така, смета дека моментално тоа е единствениот излез од ситуацијата во која се наоѓаат.

**STORY:**
KARMA is a short story about the fate of several people, mixed up in a chain of events. The main character is Bobi, a young husband and a father, whose child suffers from a rare disease. His goal is to provide money for his son's surgery, no matter what the consequences are. He agrees to be involved as a getaway driver in a bank robbery with his friends, convinced that it's the only way to provide the money for his son's surgery. His decision is also supported by his wife. She also thinks that the bank robbery is the only way to provide the money for their son's surgery.

**БРАТ ЗА ЕДЕН ДЕН/**
**BROTHER FOR A DAY**
**Македонија/ игран/ 2015/11'**
**Macedonia/ Feature/ 2015/ 11'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** Stojan Vujicik
**Сценарио/Scr:** Eva Kamcheva
**Камера/ Cinematographer:** Dimo Popov
**Улоги/ Cast:** Toni Mihajlovski, Kamka Tocinovski, Monika Boshkovic, Leon Kemal, Sanela Emin

**СОДРЖИНА:**
„Брат за еден ден" е приказна од нашиот град, нашите улици, нашето маало. А, сепак, може да се случи секаде. Едно сосема модерно трочлено семејство, во трка со времето и со парите посветува малку време на својата 5-годишна ќерка Ања. Немаат ни време, а ни нерви да се објаснуваат со неа, па затоа таа добива се што сака, само за тие „да си купат мир". „Брат за еден ден" – на прв поглед изгледа дека е приказна за различни националности. Всушност, ние и тие се однесува на детскиот свет и на светот на возрасните.

**STORY:**
Brother for a Day is a film about of our city, our streets and our neighborhoods—a story that could happen anywhere. It tells the story of a thoroughly modern family of three members. In their struggle for money, the parents fail to devote much time or attention to their five-year-old daughter, Anja. They do not have the time or patience to explain things to her and they give her what she wants just to 'buy some peace'. "Brother for a day" at first glance appears to be a story of different nationalities; in fact, it refers to the divide between the child's world and the world of adults.



**ЗЕМЈА/ THE FIELD**
**Македонија/ игран/ 2016/ 24'**
**Macedonia/ Feature/ 2016/ 24'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** Ibrahim Deari
**Сценарио/ Scr:** Ibrahim Deari
**Камера/ Cinematographer:** Ilija Zogovski
**Улоги/ Cast:** Adem Karaga, Afrim Mucaj, Amernis Nokshiqi, Sefedin Nuredini, Sefedin Shabani Vebi Qerimi and Muzbajdin Qamili

**СОДРЖИНА:**
Таткото пред да умре го вика својот син Барди и му ја раскажува историјата. Му кажува какви биле неговите дедовци и прадедовци, му кажува за неговото богатство и го задолжува да го чува како што правеле неговите предци. Најценето нешто е земјата.

**STORY:**
Before he passes, the father talks to his son - Bardi. He tells him his family's history. He tells him what his grandfathers and great-grandfathers were like, he tells him about his treasure and makes him take a pledge to cherish it, as his ancestors have. The most precious thing is the land.

**РОДЕНДЕН/ BIRTHDAY**
**Македонија/ игран/ 2016/ 22'**
**Macedonia/ Feature/ 2015/ 22'**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** KosaraMitic
**Сценарио/ Scr:** KosaraMitic
**Камера/ Cinematographer:** Dejan Dimeski
**Улоги/ Cast:** Nikola Kolev, Deniz Abdula, Aleksandar Mihajlovski, Silvija Stojanovska

**СОДРЖИНА:**
Роденден е филм за група тинејџери кои изнаоѓаат еден бизарен начин за забава. Една дождлива вечер, Марко,Фиц и Кецко го прославуваат полнолетството на нивниот другар Милан. Типична роденденска журка во која хедонистички уживаат во сласта на пороците. Знаејќи дека Милан се уште е невин и дека е очајно заљубен во нивната класна Невена, Марко решава да му даде еден предлог, кој нема да може да го одбие.

**STORY:**
"Birthday" is a film about a group of teenagers who find a bizarre way for entertainment. One rainy evening, Marko and Kecko join in to celebrate Milan's eighteenth birthday. It starts as a typical birthday party in which they indulge in hedonism and vices. Knowing that Milan is still a virgin and is desperately in love with their class teacher Nevena, Marko decides to make him an offer he can't refuse.



**САМ/ ALONE**
**Македонија/документарен/ 2015/ 10'**
**Macedonia/ Documentary / 2015/ 10'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** Tanja Simonovska
**Сценарио/ Scr:** Tanja Simonovska
**Камера/ Cinematographers:** Kiril Shentevski & Jerome Guiot
**Улоги/ Cast:** Juan Pedro Jimenez, Branco (the dog), Juan Junior Jimenez, Goran Stamatoski, Riste Gjorgievski, Ljubka Andonovska, Martina Dimoska

**СОДРЖИНА:**
„САМ“ ни го раскажува патот на 45-годишниот Шпанец Хуан П. Хименес, што го гледаме од сите сфери на неговиот живот - преку разделбата, одвоеноста со синот и патувањето со авион, неговата посветеност и предаденост на работата, како и осаменоста и недостигот од љубов. Всушност, како што се крие клучот на филмот – Парите го „вртат“ светот, да, но не е се во парите, има нешто и во љубовта, која е најважното нешто за човековиот живот.

**STORY:**
„Alone“ contains all parts about the life of 45 year old HuanP.Jimenez: starting from his divorce, through the separation and lonely flights, his devotion and commitment tohis work, as well as the loneliness and lack of love. The hidden key in the film is that although money makes the world go round , money is not everything, there is something in love, which is the most important thing in human's life.

**КОНФЛИКТ/ CONFLICT**
**Македонија/ игран/ 2016/ 10’**
**Macedonia/ Feature/ 2016/ 10’**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** Filip Matevski
**Сценарио/ Scr:** Ivana Nelkoska, Filip Matevski
**Камера/ Cinematographer:** Fejmi Daut
**Улоги/ Cast:** Nenad Nacev, Daniel Nastevski, Gjorgji Neskoski, Aleksandra Neskoski, Ninoslav Nankov, Marko Dojoski, Igor Ristevski, Oliver Dingoski, Stefan Kiroski, Haris Muric, Vojkan Jakovlevski

**СОДРЖИНА:**
Во текот на конфликтот во Македонија во 2001, Борче, студент по гитара кој посакива да оствари музичка кариера, е мобилизиран во војска. Носејќи го кон дестинацијата, го ставаат во камион со други неискусни млади војници и еден професионален војник. Додека се на пат, конвојот паѓа во заседа и се отвора оган врз групата. Младите ги фаќа паника и некои загинуваат. Единствениот на кого состојбата не влијае, е професионалниот војник. Тој се обидува да го однесе останатите на безбедно, но нивното неискуство често се покажува фатално. На Борче смртта постојано му дише во врат, додека се обидува да ги спаси другите војници. Се даваат ветувања, но дали ќе бидат одржани? Хеликоптерот доаѓа, но можеби е прекасно за било кој да биде спасен? Приказната завршува на почеток, со уште еден конвој со војници што се подготвува да тргне. Страшниот круг на војната повторно започнува.

**STORY:**
During the conflict in Macedonia in 2001, Borce, a guitar student who aspires to have a music career, is mobilized to active duty. During transport he is placed in a truck along with other inexperienced young soldiers and one professional soldier. While on the road, the convoy is ambushed and all hell breaks loose over the group. Panic takes over and people start dying. The only person not affected by the events is the professional soldier. He tries to lead other soldiers to safety, but their inexperience leads many to their deaths. Borce is constantly in a near death situation, while he tries to save other soldiers. Promises are made, but will they be kept? The helicopter comes, but is it too late to save somebody? The story ends at the base, with another convoy of soldiers preparing to depart. The evil cycle of the war starts again.



**СКОРА/ SKORA**
**Македонија/ САД/ игран/ 2016/ 13'**
**Macedonia/ USA/ Feature/ 2016/ 13'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** James Honeycutt
**Камера/ Cinematographer:** Dario Sekulovski
**Улоги/ Cast:** Natasha Petrovic, Jelena Jovanova, Vladimir Petrovic, Stefan Vujisic

**СОДРЖИНА:**
Две девојки се плеткаат низ град Скопје, не знаејќи ни самите што чекаат. Интроспективно патување, зачинето со измислена етимологија, лажна филозофија и камења.

**STORY:**
Two girls wait around the town of Skopje for something neither of them know. An introspective journey peppered with invented etymology, fake philosophy, and rocks.

**ОБОЖЕНИЕ/ THEOSIS**
**Македонија/ игран/ 2016/ 75’**
**Macedonia/ Feature/ 2016/ 75’**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Directors:** Kiril Karakash, Svetislav Podleshanov
**Сценарио/ Scr:** Kiril Karakash, Svetislav Podleshanov
**Камера/ Cinematographers:** Vlatko Dzikoski, Panche Prendzov
**Улоги/ Cast:** Katerina Anevska, Mitko Apostolovski, Dimitar Crcoroski, Dimitar Gjorgjievski, Vladimir Gjorgjijoski, Petar Gorko, Mende Kirkovski, Katerina Chakmakoska Klincheska, Mario Markovski , Sonja Mihajlova, Mihajlo Milenkoski, Predrag Pavlovski, Pande Rapeshovski, Milan Sekuloski

**СОДРЖИНА:**
Филмот Обожение е во форма на триптих, составен е од деловите Катарза, Созерцание и Воздигање. Филмот ги следи приказните на ликови кои борејќи се со егзистенцијата ја оживуваат изгубената духовност во нив и во луѓето околу нив.

**STORY:**
Theosis is in the form of triptych composed of Catharsis, Theoria and Deification. The movie follows the stories of characters who while surviving in their lives, enliven their lost spirituality and the spirituality of those around them.




**ИСКЛУЧИВО ЖОЛТИ ЛАЛИЊА/ YELLOW TULIPS ONLY**
**Македонија/ игран/ 2016/ 15'**
**Macedonia/ Feature/ 2016/ 15'**

**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** Kuzman Kuzmanovski
**Сценарио/ Scr:** Eva Kamcevska
**Камера/ Cinematographer:** Kiril Shentevski
**Улоги/ Cast:** Goran Trifunovski, Aleksandra Pavlova, Toni Mihajlovski, Snezhana Kiselicki

**СОДРЖИНА:**
Гиго (45) е писател, слободен уметник. Живее како самотник затоа што е интровертен и срамежлив. Една пријателка го кани на кафе, па тоа му дава надеж дека по тој состанок веќе нема да биде сам. Некаде слушнал дека таа жена обожава жолти лалиња, па во обид да остави добар впечаток, тој решава да најде жолти лалиња по секоја цена.

**STORY:**
Gigo (45) is a writer, independent artist. He lives a single life as an introvert and shy person. Once he's been invited to coffee by a female friend, and it gives him hope that he won't be alone after this appointment. He has heard that this woman loves yellow tulips, and trying to make a good impression, he decides to find yellow tullips, no mater what.

**СЛУЧАЈОТ/ THE CASE**
**Македонија/ игран/ 2015/ 11’**
**Macedonia/ Feature/ 2015/ 11’**



**РЕАЛИЗАЦИЈА/ CREDITS:**
**Режија/ Director:** Ivica Dimitrijevic
**Сценарио/ Scr:** Ivica Dimitrijevic
**Камера/ Cinematographers:** Atanas Velkovski
**Улоги/ Cast:** :Dimitrija Doksevski, Angela Stojanovska, Jasmina Vasileva, Gorast Cvetkovski, Aleksandar Gorgievski, Saso Aleksievski, Nenad Angelkovic, Vasko Dimkov, Hristo Ezovski, Ivica Dimitrijevic

**СОДРЖИНА:**
The Case е краток ноар филм во кој го следиме Човекот во мантил во неговите подвизи. Талкајќи низ градскиот метеж и чекајќи да се стемни за да може да појде во акција, Човекот во мантил влегува во непријатна ситуација... Воден од својата решителност да ја доврши започнатата мисија, тој одеднаш станува клуч за големо решение. Никогаш не знаеш што носи следниот миг. Секое ЗОШТО носи некое ЗАТОА. Внимавај!

**STORY:**
The Case is a short noir film in which we follow the Man in the Raincoat and his feats. Wandering through the city jam, waiting for the dark in order to go into action, the Man in the Coat finds himself in an awkward situation... The man in the Coat guided by his determination to complete the mission he started suddenly becomes a key to a great solution. You never know what the next moment brings. Every WHY has a BECAUSE. Be careful.

THE LIGHT OF TURKEY

# СВЕТЛИНАТА НА ТУРЦИЈА

Тенка магла обвиткана околу шумите низ планините над Црно Море, побледените темнозелени и златни нијанси на лисјето, меланхолијата што се спушта врз публиката... Снежниот пејзаж на источна Анадолија прави на публиката да им застуди, додека пламенот во очите на кутрите деца не ги стопли нивните срца... Краток поглед врз лице што зјапа низ прозорец и ја отсликува осаменоста на поединецот во пренатрупаните улици на Истанбул...

Вториот нов бран на турската кинематографија во 2010 година ни претстави нова генерација кинематографери. А, тие на светот му претставија слики од Турција видени од нивните очи. Заедно со режисерите, тие со светлина пишуваат песни за Турција.

Камерата отсекогаш била најсилниот елемент во историјата на турската кинематографија, а младите кинематографери успеаја да го продолжат тој тренд и во дигиталната ера. Пионерите кои го започнаа новиот бран што го промени пристапот кон филмот во средината на деведесеттите започнаа со работа со веќе етаблирани директори на фотографија. Некои од нив, како Реха Ердем и Јешим Устаоглу, претпочитаа да работат со странски кинематографери, додека Нури Билге Џејлан и Зеки Демиркубуз дури и сами ја презедоа оваа улога извесно време. Угур Ичбак, Ѓокан Алтимиш и Мустафа Кушчу се кинематографите кои и припаѓаат на оваа генерација и на нејзината иновација. Во раните двеилјадити го посведочивме успехот на Ејуп Боз, Мехмет Аксин, Ерџан Јилмаз, Ерџан Озкан, Мехмет И. Зенгин, Ели Узел, Јусуф Асланјурек, Емре Танијилдиз, Емре Еркмен, Феза Чалдиран, Озгур Екен, Ѓокан Тирјаки и на многу други. Особено делата потпишани од Еркмен, Екен, Чалдиран и Тирјаки високо ги кренаа стандардите и ја зголемија бараноста на овие автори на артхаус-сцената.

И други имиња се сега во подем. Мерјем Јавуз (33) е единствената директорка на фотографија што активно работи во оваа област, и е движечка сила зад многу млади режисери, вклучувајќи и жени. „Морепламци“ и „Бришка“, кои имаа премира на Форумот на Берлиналето, и „Сали“, краток филм во конкуренција за Златната палма во Кан, се меѓу нејзините последни успеси. Таа е алумнистка на Кампусот на таленти на Берлинскиот филмски фестивал од 2009 година. Турксој Голебеји (36) имаше две успешни соработки со Зеки Дермикубуз во „Подземје“ и во „Гадење“ и станува водечки сниматели во областа преку светски признатите филмови како „Сивас“. Ведат Оздемир (42) најчесто соработува со наградуваниот сценарист Онур Унлу. Се истакнува со напорни проекти како „Подземјето Чекмекој“ и „Мајка Земја“.

Дипломецот од Лондонската филмска школа Бариш Озбичер  се прослави со добитнкиот на Златната мечка „Мед“, на Семих Капаноглу. Беше номиниран во категориите за најдобра камера на Европските филмски награди и наградите на Азија Пацифик како директор на фотографија на „Мед“. Неговата успешна соработка со Серен Јуче како кинематографер на добитникот на наградата „Лав на иднината“ на фестивалот во Венеција на филмот „Мнозинство“ продолжува со „Лотосот што се вее на ветрот“.

Турската кинематографија се докажа како филмска индустрија која во последната деценија постојано се подобрува, развива и расте. Секоја година нови филмски творци влегуваат на пазарот со дебитантски филмови. Искусната, талентирана, млада и динамична генерација кинематографери ги придружува за да продолжат да ја зрачат светлината на Турција во филмскиот свет.

**Алин ТАШЧИЈАН**
**Филмска критичарка и публицистка - членка на жири (Турција)**

## THE LIGHT OF TURKEY

A thin haze veiling the forests of the Black Sea mountains, fading the dark green and golden colours of the leaves, melancholy sinks on the audience... The snowy landscape of Eastern Anatolia that makes the audience feel the cold until the fire in poor children's eyes warms their hearts... A glimpse of a face staring behind a window that reflects the loneliness of the individual in an overcrowded street of Istanbul...

The second new wave of the Turkish cinema in 2010's, introduced us a young generation of cinematographers. And they introduced the world the images of Turkey filtered through their eyes. Together with directors they write poems of Turkey with light.

The cinematography has always been the strongest element in the past of the Turkish cinema and the young DOPs were able to continue it in the digital age. The pioneers who started the new wave that changed the approach to filmmaking in mid 90's started working with established DOPs. Some of them like Reha Erdem and Yeşim Ustaoğlu preferred to continue with foreign PODs, Nuri Bilge Ceylan and Zekir Demirkubuz undertook the task themselves for a while. Uğurİçbak, Gökhan Atılmış and Mustafa Kuşçu are cinematographers belonging to this generation and its innovationism. In early 2000's we witnessed the success of Eyüp Boz, Mehmet Aksın, Ercan Yılmaz, Ercan Özkan, Mehmet Y. Zengin, Ali Özel, Yusuf Aslanyürek, Emre Tanyildiz, Emre Erkmen, Feza Çaldıran, Özgür Eken, Gökhan Tiryaki and many more. Especially the signature work of Erkmen, Eken, Çaldıran and Tiryaki has set the standard high and raised the demand for these names in arthouse cinema. They have shot the most award winning films of Turkey and won the best DOP prizes in national festivals.

Other names are now on the rise. Meryem Yavuz (33) is the only female DOP actively working in the field, she has been the force behind many young directors including female ones. "Seaburners" and "Dust Cloth" both of which premiered in Berlinale Forum and "Salı", a short film competed for Golden Palm in Cannes are among her latest successes. She is an alumni of 2009 Berlinale Talent Campus. Türksoy Gölebeyi (36) made two successful collaborations with Zeki Demirkubuz in "Underground" and "Nausea", he has become a leading name in his field with internationally acclaimed films like "Sivas". Vedat Özdemir (42) has been collaborating with multi-award winner writer - director Onur Ünlü in most of his films. He stands out with challenging projects like "Çekmeköy Underground" and "Mother Land".

